**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

**ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

**ИНДРУСТРИСКИ ДИЗАЈН НА ТЕКСТИЛ**

**Анкица Манасиева**

# ПРИМЕНА НА ТЕКСТИЛОТ ВО ЕНТЕРИЕР

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

**Штип, февруари, 2020**

**Комисија за оценка и одбрана**

**Ментор:** Проф. д-р Катерина Деспот, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип

**Претседател:** Проф. д-р Винета Сребренкоска, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип

**Член:** Проф. д-р Димко Димески, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип

Датум на одбрана:

**Посвета и благодарност**

Голема и искрена благодарност до мојата менторка проф. д-р Катарина Деспот, која ми укажа голема помош и разбирање во текот на целата изработка на магистерскиот труд и која веруваше во мене и успешноста на овој труд.

Исто така, благодарност до мојата фамилија за нивната неизмерна поддршка, разбирање и мотивација во текот на изработката на мојот труд.

Би сакала да искажам голема благодарност и до испитаниците кои одвоија време и ми помогнаа во истражувачкиот дел.

**Апстракт**

Првите податоци за употребата на текстилот датираат од доцно камено време на подрачјето на Блискиот Исток. Со развојот на човештвото, текстилот ја пронашол својата примена и употребата во домот. Домот е една од најнезаборавните инвестиции што ги прави човекот во својот живот. Затоа таа инвестиција треба да биде убава, нова и полна со спомени.

Внатрешното декорирање не се состои само во избор на мебел и негови додатоци, тоа исто така е изнаоѓање на соодветни ткаенини кои ќе изгледаат убаво и ќе одговараат на животниот стил. Мебелот не е единствен соработник во диференцирачките простори, тука е и ткаенината која мора да обезбеди текстура, боја, карактер, чувство на удобност која недостасува во внатрешната архитектура. Ткаенината може да го направи тоа подобро од кој било друг медиум.

Ткаенината се употребува во домот на многу места како, на пример, во дизајнирање и тапацирање на мебел и столици, како завеси и драпери, теписи и покривки, па сè до декоративни елементи кои го надополнуваат ентериерот од естетски аспект.

Секој текстилен материјал располага со единствен спој на влакна со соодветни својства кои ги дефинираат механичките, физичките и хемиските карактеристики. Врз основа на овие карактеристики се дефинира и употребата на материјалот во домот, во зависност од намената и местото во ентериерот. Влакната претставуваат основа на сите текстилни материјали.

При изборот на ткаенина за домот секогаш ќе постои дилемата дали да се применат природни или синтетички материјали, со оглед на тоа што и едните и другите имаат свои предности и недостатоци. Во таа смисла, повеќето домови имаат различни споеви на природни и синтетички материјали. Сепак, индивидуалниот пристап и намената на просторот се клучните фактори кои се одлучувачки по ова прашање.

**Клучни зборови:** Ентериер, ткаенина, текстил, текстилни влакна, тапацир, мебел.

**Abstract**

The first data on the use of textiles date from a late stone home in the Middle East region. With the development of mankind, textiles found their application in use in the home. The home is one of the most memorable investments man makes in his life. That's why this investment should be beautiful, new and full of memories.

The interior decoration is not only about the choice of furniture and its accessories, it is also finding suitable fabrics that will look nice and suit lifestyle. Furniture is not the only contributor in the differentiating spaces. It is the fabric, which must provide a texture, color, character, a sense of comfort that is lacking in internal architecture. Fabric can do it better than any other medium.

The fabric is used in the home in many places such as in the design and upholstery of furniture and chairs, curtains and drapes, carpets and upholstery to decorative elements that complement the aesthetic aspect of the interior.

Each textile material has a unique blend of gum with appropriate properties that define the mechanical, physical and chemical characteristics. On the basis of these characteristics, the use of the material in the home is also determined, depending on the purpose and the place in the interior. The fibers are the basis of all textile materials.

When choosing a fabric for the home, there will always be a dilemma of whether to use natural or synthetic material, given that both of them have their own advantages and weaknesses. In this sense, most homes have a mixture of natural and synthetic materials. However, the individual approach and the purpose of space are the key factors that are decisive on this issue.

**Key words:** Interior, fabric, textiles, textile fibers, upholstery, furniture.

## Содржина

Вовед ....................................................................................................................4

1. Историски развој на текстилот ..........................................................................5

2. Ткаење, штампање (печатење) и боење на тексил ...............................................8

3. Поим за ентериер и ентериерен текстил ............................................................16

4. Функција и примена на ентериерен текстил .......................................................18

5. Примена на материјали во ентериер ..................................................................36

6. Својства на материјалите ..................................................................................40

7. Видови на текстил ..............................................................................................46

8. Текстилни влакна ...............................................................................................55

9. Дезени за текстил ...............................................................................................60

10. II ДЕЛ ИСТРАЖУВАЊЕ .....................................................................................73

11. Заклучок ...........................................................................................................84

Литература ............................................................................................................99

## Вовед

Поимот текстил доаѓа од латинскиот збор „texere“, што значи да се исткае. Најосновна дефиниција на терминот текстил,  е ткаенина или материјал  добиен со некој процес на ткаење или плетење, користејќи природни или синтетички влакна. Текстилот е една од настарите човечки креации, кој уште од самиот почеток до денес има голема примена. Текстилот е нешто што постојано нѐ опкружува и е составен дел од нашите животи. Тој игра голема улога во нашите секојдневни активности.

Во едноставни услови, домашниот текстил е гранка на текстилната технологија. Се состои од апликативен текстил во домаќинство. Домашните текстили не се ништо друго освен внатрешно опкружување, кое се занимава со внатрешни простори и нивниот мебел. Поважно од функцијата или удобноста на опремувањето или нивното одржување е нивниот вкупен ефект кој има влијание врз корисниците.

Современите дизајнери дизајнираат мебел и опрема во реалистичен однос. Да се знае да се дизајнира текстил е исто толку важно како и да се знаат основните инженерски принципи. Компаративна студија за опремувањето на просторот и мебелот треба да биде една од главните теми, вклопена заедно со текстилот во просторот.

Дизајнирањето на еден ентериер за станбен просторот претставува предизвик за секој дизајнер, но имплементацијата на текстилот е поголем предизвик и истиот е за различни потреби во просторот и дизајнирање на различни тематски дезени кои ќе резултираат од претходната анализа за имплементација.

**Целта** на ова истражување е анализирање на состојбата и примената на текстилот во услови на современо претставување на ентериерот во домовите. Неговата широка примена произлегува од големиот број предности како и разновидноста во поглед на боја, текстура, дизајн и слично. Целта на оваа тема наоѓа примена во научноистражувачкиот дел за создавање на модели кои што ќе го покажат специфичниот начин на примена на текстил во ентериерот.

**Предметот** на истражување опфаќа историски развој на текстилот, современата состојба, влакното како единствена суровина за производство на текстил, предвидувања и модели за развојот и застапеноста на текстилот во ентериерот, потоа апликација на текстилот во ентериер, категоризација на истиот,

типови на влакна кои се употребуваат за производство на овој тип производи и употреба на поединечните групи на текстил во домот.

Како една од методите за истражување претставува собирањето податоци за историски развој на текстилот, како и тематски равој на текстилот. Ќе се користат компаративни методи за согледување на формите и дезените на текстилот и неговата примена во различни временски периоди.

Како дел од *квалитативните методи,* фокусот ќе биде кон собирање на база на податоци за веќе постоечки типови на текстил, кои ќе бидат предмет на анализа со цел за подобро оценување на состојбата на текстилот во современите станбени простори и нејзините карактеристики.

Како дел од *квантитативниот пристап* ќе бидат анкетирани корисниците и нивното мислење во однос на удобноста, функцијата и естетиката на текстилот во станбените простори. Резултатите од анкетите со податоци од спроведените интервјуа, ќе се презентираат графички преку обработка на илустрации за постоечката состојба.

После процесот на анализа на постоечкиот текстил користен во ентериерот, ќе следи изработување на предлози за поголема примена и развој на текстилот во современите станбени простори и обид за составување модел за развој поткрепен со графички материјали.

## 1. Историски развој на текстилот

Иницијалната појава на текстилот е поради потребата на човекот да се заштити од лошите временските услови, т.е. поради тоа што човекот имал потреба да се стопли себе и своето живеалиште.

Носењето облека е посебна човечка карактеристика и една од основните човечки потреби. Не постојат точни информации за тоа кога прв пат човекот почнал да носи облека. Со цел да се заштити од надворешните влијанија, во почетокот користел необработени материјали кои ги наоѓал околу себе во природата: кожа, крзно, волна, лисја. Требало да поминат многу векови и да се вложи многу труд додека човекот не почнал да ги издвојува влакната од растенијата и да ја преработува кожата од животните.

Првите податоци за појавата на текстилот датираат од доцно камено време на подрачјето на Блискиот Исток. Постојат докази кои сугерираат дека човекот можеби

почнал да носи облека од пред 100.000 до 500.000 години. Примитивни игли за шиење кои се пронајдени датираат од пред околу 40.000 години (Слика 1).



Слика 1: Примитивна игла за шиење направена од коска

Сепак, се смета дека најстрите ткаенини потекнуват од праисториска пештера во Република Џорџија каде се пронајдени боени ленени влакна кои се стари околу 36.000 години (Слика 2). Овие влакна биле модифицирани, сечени, виткани и обојувани и се користеле за кошници, килими и шиење парчиња облека[1].




Слика 2: Поглед под микроскоп на примероци од ленени влакна од Р. Џорџија[2]

Пред околу 25.000 години фигури на Венера започнале да се појавуваат во Европа и биле насликани со облека[3].

Најстарите познати ткаени ткаенини потекнуваат од 6.500 год. пр. н. е. од населбата Çatal Höyük во покраината Анадолија, во Западна Азија, односно на

[1] https://www.thoughtco.com/dzudzuana-cave-early-upper-paleolithic-cave-170735
[2] https://www.donsmaps.com/fibres.html
[3] http://www.historyofclothing.com/

границата меѓу Азија и Европа (Слика 3). Овие ткаенини биле користени за завиткување на умрените.



Слика 3: Ткаенина пронајдена во Çatal Höyük [4]

Ленот бил познат од 5.000 год. пр. н. е. на територијата на денешен Египет, во долината на реката Нил и од него се правеле ткаенини (Слика 4). На Слика 5 е прикажано парче од ленена ткаенина со кое бил замотан фараонот Тутанкамон после неговата смрт[5].




Слика 4: Лен пронјден во Египет




Слика 5: Лен со кој бил замотан Тутанкамон

Паралелно со ленот, човекот ја користел и волната (4.000 год. пр. н. е.). Археолошките ископувања од периодот на неолитот (крајот на камено време), докажуваат дека луѓето во тоа време, по долината на реката Еуфрат (некогашна Месопотамија) чувале овци, пределе волна и ткаеле примитивни ткаенини.

[4] https://www.archaeology.wiki/blog/2014/02/04/piece-of-fabric-found-at-catalhoyuk/
[5] https://www.slideshare.net/saifur1969/module-1-overview-of-the-textile-world-66206259

Предењето волна е прикажано на мозаиците пронајдени недалеку од Персискиот Залив и датираат од 3.500 година пр. н. е.[6].

Ткаенини од памукот се произведувале во Индија околу 3.000 година пр. н. е.

Свилата потекнува од Кина од околу 2.600 година пр. н. е, каде свилените ткаенини биле користени во царскиот двор и ја отсликувале моќта и богатството. „Патот на свилата“ претставувал многу важен чекор во трговската размена на текстилни производи меѓу Истокот и Западот кој значително придонесол за развојот на големите цивилизации, како што се Кина, Египет, Месопотамија, Персија, Индија и Рим, кои тргуваа по должината на овој пат.

Производството на ткаенини, како и нивното користење, сè повеќе се ширело низ светот. И техниките за нивно производство постојатно се усовршувале. Во XVIII век е смислен првиот рачен разбој за ткаење (1733 г.), како и рачна машина за шиење (1768 г.) на такенини од различни влакна. До овој период се користеле единствено влакна од природно потекло, сè до 1856 г. кога е измислено првото синтетичко влакно. Од тогаш почнува нова ера во производството на ткаенини.

Денес ткаенините се распространети низ целиот свет, има широк асортиман и нивната примена постојано расте.

## 2. Ткаење, печатење и боење на тексил

### 2.1. Ткаење

Ткаенините употребени како ентериерен текстил, може да се произведат со процес на ткаење. Ваквиот тип на производство на ткаенина се смета за многу квалитетен и уште од минатото е многу вреднуван.

Ткаењето е процес (техника) за изработка на ткаенина. Процесот подразбира испреплетување на најмалку два системи/сета на преѓа/конци (основа и јаток). Техниката на ткаење низ историјата се менувала, и се прилагодувала на напредокот на технологијата.

Ткаењето постои уште од самото постоење на човекот, поттикнато од потребата за заштита на човековото тело од лошите временски услови. Најпрвин започнало со рачно ткаење, а подоцна истото се автоматизирало.

---

[6] Милица Савиќ, Текстилна влакна и њихова примена у текстилној индустрији

Најстарите ткаени материјали се пронајдени во Египет 5.000 г. пр. н. е. Во феудализмот доаѓа до нагло ширење на ткаење на рачен разбој. Во втората половина на средниот век се формирале и првите фабрики. Во XVIII век, поточно во 1733 година е конструиран првиот разбој со „летачка совалка“. Првиот разбој со механички погон бил направен во 1789 година, во Англија. Во XIX век во Америка е конструиран првиот автоматски разбој.

Значаен белег оставил Жакард (Jacquard)[7], кој во 1808 година го усовршил разбојот, со тоа што секоја жица можело посебно да се контролира. Тој користел дупчени картички кои служеле за контролни операции (Слика 6).



Слика 6: Дупчени картичка на Жакард разбој

Изумот на Жакард предизвикал брз развој и промени во текстилната индустрија. Сите следни разбои се правени во насока на подобрување на овој изум.



Слика 7: Жакард разбој

Разбојот е една од наједноставните справи за ткаење. Првите разбои биле целосно изработени од дрво и сите операции на нив се вршеле рачно. Според

[7] http://www.computersciencelab.com/ComputerHistory/HistoryPt2.htm

принципот на кој работи стариот разбој, исто така работат и големите фабрички машини за ткаење кои произведуваат илјадници метри материјал.



Слика 8: Фабричка машин за ткаење

Согласно положбата на основата за ткаење, разбојот може да биде вертикален (најчесто за изработка на килими и таписерија) и хоризонтален (сите видови ткаенини).

### 2.1.1. Познати техники на ткење

Народни техники за рачно ткаење се[8]: клечање, ткаење со зев, ткаење на даска, сумак техника, икат техника, техника со чворови, ажур техника и други.

Модерните техники вклучуваат автоматизирани разбои, каде учеството на човекот е сведено на минимум.

Најчесто се користи техника на ткаење со две и четири нити. Ткаењето со две нити уште се нарекува и преплетка на ткаенината. Основните и јаточните нишки се преплетуваат користејќи  различни комбинации за конструкција на ткаенината. Постојат 5 групи на преплетки[9]:

- Основни (платнена, кепер, атлас);
- Изведени (рипс, чист рипс, панама, изведени од кепер);
- Комбинирани (вафел, канава, креп, измислени, ефекти на обоена жица; пругасти, карирани);
- Сложени и
- Жанкар преплетки.

[8] https://srbijuvolimo.rs/moja-srbija/tradicija/item/6057-srpska-tradicija-starinske-tehnike-tkanja.html
[9] http://www.e-ucebnici.mon.gov.mk/pdf/32_Tehnologija%20na%20tkaenje%20za%20III_MAK_PRINT_WEB.pdf

### 2.2. Печатење на текстил

Луѓето уште одамна имале желба за украсување на текстилот. Печатењето на текстил е еден од начините за украсување на текстилот.

Текстилното печатење е процес на нанесување боја на ткаенината според одредени примероци или нацрти. Во печатењето се користат дрвени блокови, шаблони, гравирани плочки или silkscreens, со цел бојата да се пренесе на ткаенината.

Печатењето со дрвени блокови се користи најчесто во Источна Азија, а најверојатно потекнува од Кина. Најрани примери за печат на платно од Кина датира од 220-та година. Печатењето на текстилот во Европа се појавило малку подоцна, преку исламскиот свет во XII век на новата ера.

Во денешно време со развојот на технологијата, начините на печатење на текстил се менува брзо и интензивно. Најпознатата и најстара „сито техника“ се менува со дигитална техника на печатење, која нуди многу подобар начин на печатење.

#### 2.2.1. Познати техники на печатење

За печатење најстара и најпозната е „сито техника“. Се користи мрежест шаблон т.н. сито, кое е затегнато на дрвена или алуминиумска рамка. Бојата се пренесува на ткаенината под притисок преку ситото.






Слика 9: Сито техника

Од модерните дигитални техники најпозната е Ink-jet техника. Се состои од бесконтактно нанесување на боја (со мали млазеви) директно на материјалот. Ink-jet технологијата овозможува производство на квалитетни производи со прифатливи цени. Кај ink-jet техниката нема шаблони во класична смисла (физички облик), туку

во дигитален формат. Дигиталниот шаблон се пренесува на подлогата со прскање млаз боја.



Слика 10: Ink-jet техника

## 2.3. Боење на текстил

Боите влијаат на нашите емоции, затоа луѓето одамна прават ткаенини во различни бои. До втората половина на XIX век за боење на ткаенините се користеле само природни бои добиени од растително, животинско и минерално потекло. На пример, од растението индиго се добивала сина боја, од растението броштот, односно броќот, се добивала црвена боја, од листот од коприва - зелена боја. Црната боја се добивала од дрвото хематоксилон, а од еден вид лишај„ „Roccella tinctoria“, се добивала виолетова боја. Од мекотелецот мурекс (полжав) се добивала скапата пурпурна боја, позната како тирски, или царски, пурпур.

Се смета дека првата боја добиена по вештачки пат ја измислил Вилијам Хенри Перкин[10] во 1856 год. До крајот на XIX век, биле добиени многу други сјајни синтетички бои. Денес се произведуваат повеќе од 8.000 видови вештачки бои.

Во најстаро време, методите и процесите за боење секогаш се држеле во тајност и се пренесувале од татко на син. Најстар прирачник за бојадисување има од 1540 година од Rosetti. Се употребувале бои од минерално и растително потекло. Со тек на време, поради голема побарувачка на обоени материјали, потребно било да се промени начинот на бојадисување. Така, во почетокот на XX век биле конструирани првите механички уреди за бојадисување. Со настанување на

[10] https://www.vox.com/science-and-health/2018/3/12/17109258/sir-william-henry-perkin-google-doodle-birthday-180-mauveine-purple-dye

вештачките бои, се овозможило подобрување и олеснување на процесот на бојадисување.

### 2.3.1. Традиционално боење на текстил

Техниките на традиционалното боење вклучуваат рачно боење со природни бои со животинско, минерално и растително потекло. Речиси сите тие вклучуваат вода и/или некој друг растворувач. Процесот се одвива со претходно подготвување на ткаенината и потопување на истата во растворената боја. Најпознати техники се: директно боење, Vat-боење и мордант боење.



Слика 11. Обоени текстилни влакна

Уникатни техники за боење на текстил има многу, подолу ќе објаснам за две техники: батик и тај-дај.

- **Батик**

Батик е техника за рачно боење на ткаенина со помош на восок. Изработувачот на ваков тип ткаенина користи мала бакарна алатка полна со течен восок. Со неа рачно црта различни дезени на парче ткаенина. Откако восокот ќе се исуши, ткаенината се бојадисува со саканите бои. Притоа, оние деловите кои се исцртани со восок не ја примаат бојата и исто така ја спречуваат бојата да се разлее. Бојадисувањето се повторува повеќе пати со различни бои со цел да се добијат живописни дезени.



Слика 12: Батик техника

Кон средината на XIX век, изработувачите на батик нанесувале восок со бакарни печати. Оваа метода била побрза отколку цртањето со рачна алатка и овозможувала да се произведуваат идентични парчиња ткаенина. Во XX век, фабриките почнале да прават машински дезени. Сепак, сè уште може да се најде рачно изработен батик. Но, на пазарот позастапен е машински печатениот.

Батикот обично се прави од памук или од свила. Боите се добиваат од лисја, дрвја, кори и зачини што се застапени на тоа подрачје, но се користат и синтетички бои. Пред восокот да влезе во употреба, за да се добијат шарите се користела животинска маст, посебна смеса од зеленчук, па дури и кал. Денес најчесто се употребува синтетички восок. Но, се користи и мешавина од парафин и пчелин восок.

Никој не знае точно кога и каде настанал батикот. Во Кина се најдени парчиња што датираат од шестиот век од н.е. Сè уште не се знае кога почнала да се изработува оваа ткаенина во Индонезија, но има докази дека во XVII век оваа земја веќе тргувала со батик.

Во 2009 година, по повод долгата историја на батикот во Индонезија и неговото влијание врз локалната култура, УНЕСКО ја прогласи оваа ткаенина за индонезиско „Нематеријално културно наследство на човештвото“.

- **Тај –дај техника**

Тај дај (англ. tie-dye), т.е. „заврзи и обој“ е уникатна техника на рачно боење на ткаенина. Процесот запонува со тоа што ткаенината се врзува на одредени места (во зависност од саканиот дизјан) пред бојадисување. Врзувањето се прави со помош на нишки, ленти, предива, помали предмети во вид на круг или гумени

прстени. Врзувањето се реализира врз основа на некоја шема според која треба да се добие соодветен дезен.



Слика 13: Тај-дај техника

Најчесто така врзаната ткаенина прво се потопува во раствор од сода 5-30 минути, со цел ткаенината да се подготви за подобра апсорпција на бојата. Потоа следи потпопување со боја.

Целта е бојата да ги опфати оние делови кои се дирекно изложени, т.е. не врзани. Додека пак таму каде што ткаенината е заврзана, т.е. деловите не се директно изложени, бојата не продира и тој дел од ткаенината останува необоен, а со тоа се добива феноменален ефект и исклучителни дезени. Граничните линии помеѓу обоените и необоените површини се замаглени бидејќи бојата бавно и во мали колични продира низ ткаенината.

Може да се употребат повеќе бои на една ткаенина, на тој начин што различни делови од ткаенината се потопуваат во различни бои.

По завршувањето со боење, ткаенината се одврзува и се пере со вода со цел да се исфрли вишокот на боја.

Потекнува од традиционалниот начин на боење, кој бил во употреба во многу култури во Азија и Африка, а особено во 60-тите и 70-тите години на XX век.

Се применува за различни декорации на перници, завеси, теписи, облека.



Слика 14: Тај-дај применет на завеси и перници

## 3. Поим за ентериер и ентериерен текстил

### 3.1. Поим за ентериер

Ентериерот обезбедува чувство на комплетност и чувство на засолниште. Три основни архитектонски елементи се користат за дефинирање на ентериерот. Овие елементи се ѕидови, подови и тавани кои се конституирани од рамни елементи. Затоа, дизајнот на внатрешните простори може да се оддели како со структурни, така и со архитектонски елементи. Додека структурниот систем на зградата и архитектонските елементи ја сочинуваат основната форма на внатрешните простори, изборот и уредувањето на елементите на дизајнот ги обликува и другите потребни барања за внатрешните простори. Бојата, текстурата и моделот на ѕидни, подни и тавански површини влијаат на визуелната перцепција на внатрешниот простор. Димензиите, обемот и пропорционалните односи меѓу елементите исто така влијаат врз перцепцијата на просторот (Чинг, 2005). Светлината има силен фактор на влијание врз површините на внатрешниот простор.

Мебелот, како дел од ентериерот го прави просторот погоден за живеење, обезбедувајќи комфор и прилагодување во вид на активност (Ching, 2005). Луѓето претпочитаат да користат мебел бидејќи тој помага да ги одржуваат активностите на поудобен начин. Со други зборови, седењето на столица или табуретка е многу поудобно отколку да се седи на подот (Нилсон и Тејлор, 1994). Мебелот претставува посебен и ергономски производ кој е наменет за исполнување на специфични функции, при што треба да е прилагоден со карактерот на активност.

Формата, линијата, бојата, текстурата и обемот на мебелните производи, исто така, влијаат на типот на активност. Мебелот обично се избира во зависност од изборот и желбата на корисникот. Начинот на користење на мебел влијае врз употребата на просторот. Циркулацијата и протокот меѓу просторите исто така се зависни од мебелот. Мебелот се користи како во надворешниот, така и во внатрешниот простор. за употреба во внатрешни простори, вклучува мебел, ткаенини кои можат да се користат на ѕидни површини, на подни површини, на мебел, декоративни или други додатоци.

### 3.2. Поим за ентериерен текстил

Текстилот е дел од нашето секојдневно опкружување. Текстилот претставува еден од основните елементи во ентериерот. Не може да се замисли внатрешно опкружување без примена на текстил. Го има насекаде, во покривки за кревет, перници, завеси, тапети, теписони и слично. Ентериерниот текстил го збогатува просторот, создавајќи удобност и софистицираност во просторот.

Ентериерен текстил се однесва на секој производ употребен во затворен простор кој што е ткаен или направен од ткаенина.

Ентериерен текстил вклучува текстил употребуван во домови, канцеларии, болници, хотели, училишта, авиони, автомобилска внатрешност и слично и неговата примена зазема сè поголем замав.

Според Seymour (2002), дизајнот може да се гледа како активност која ја преведува идејата во некој корисен формат, без разлика дали е графички, текстил, керамика, услуга или процес. Најважниот дел од дизајнирањето е имплементацијата на идејата. Дизајнот не мора да биде нов, поинаков или импресивен за да биде успешен во полето на пазарот, сè додека ја исполнува потребата, но методите за дизајнирање доведуваат до иновативни производи и услуги.

Широко нагласено, дизајнот е уметност на создавањето. Повеќе технички гледано, дизајнот е свесен, намерен процес со кој елементите, компонентите, потенцијалите и тенденциите се намерно уредени во просторот-време-континуум, со цел да се постигне саканиот резултат. Во својот потполн, најмоќен израз, дизајнот е замислување и носење на нови светови или идеи (Маре, 2009).

Милер (2009), објаснува дека дизајнот е исто така интуиција, форма на потсвесна мисла која води до подлабоко чувство на познавање, често во

очигледното отсуство на рационална потврда. Интуицијата е слична на издолжениот увид кој ни кажува дека сме инволвирани во нешто. Тоа е гордост што честопати е во основата на нашите напори за извршување на рационални анализи.

Исто така, вклучува и причина, целосно свесна форма на мисла која го оценува проблемот и ги анализира можностите за решавање. Тоа е аналитичкиот процес на кој се потпира методот и математиката за да се проценат, да се редефинираат и да се потврдат нејзините различни хипотези.

Дизајнот, од друга страна, може да биде свесен обид да се создаде нешто што е и функционално и естетски префинето.

Dziers (2006), смета дека текстилниот дизајн се поврзува со изработката на креативни, стилски и современи дизајни. Текстилниот дизајн бара посебни вештини за креирање иновативни дизајни. Тој додава дека, јадрото на текстилното дизајнирање е концепт на дизајнирање ткаенина со користење на различни техники кои вклучуваат печатење, ткаење, украсување ткаенина, техника за печатење, следење везови и детали за боја. Исто така, обезбедува поддршка на клиентите за да го визуелизира дизајнот и да им помогне да го одберат примерокот во фазата на изведување на прототипови.

Текстилниот дизајн не е исто како текстилното производство, иако текстилните дизајнери имаат корист од работа со различни материјали и ткаенини. Текстилни дизајнери создаваат дизајни за текстил и користат ткаенини, ткаенина за тапацир за да добијат широк спектар на производи. Текстилите се основа на тапациран мебел, завеси, постелнина и останати видови на елементи во ентериерот.

Џиерс (2006), вели дека, текстилното дизајнирање е создавање на стилски и современи дизајни. Повторно, тоа бара посебни вештини за креирање иновативни дизајни.

## 4. Функција и примена на ентериерен текстил

### 4.1. Функција на ентериерен текстил

Внатрешното декорирање не се состои само во избор на мебел и негови додатоци, тоа исто така е изнаоѓање на соодветни ткаенини кои ќе изгледаат убаво и ќе одговараат на животниот стил.

Текстилот кој се применува во ентериерот може има две функции: структурална и декоративна. Па, според тоа, има и стуктурален и декоративен текстил.

Структурален текстил е текстилот кој има функција, односно тапацираниот мебел, а сѐ останато влегува во категорија на декоративен текстил, односно просторот може да егзистира без декоративен текстил, но би бил сиромашен од многу аспекти, тогаш би ја задржал само чистата функционалност.

Некои елементи сами по себе се декоративни поради начинот на кој се формираат, другите може да бидат структурни делови со дополнителен декоративен дизајн.

**Структурален текстил**

Структурална ткаенина е неопходниот, основниот дел кој е формообразувачки во целина. Структуралните ткаенини се користат во просторот заради нивната функција, т.е. нивната практична примена.

Така, основната функција на завесите и драперите е заштита од сонце, светлина. Теписите се поставуваат со цел подобрување на топлинска и звучна изолација, како и заштита на подот. Тапацирањето на столови и седечките гарнитури како и мебелот предвиден за одмор, односно тапацирањето кревети и јоги се прави со цел седењето и спиењето да ни биде попријатно и удобно.

Имено, самиот дезен на ткаенината има своја функција. На пример, ако просторот е тесен и низок, може да се користат завеси со вертикални линии како шара, кои ќе предизвикаат илузија на издолжување на просторот во висина и со тоа посторот ќе изгледа поголем. Исто така, функција има и бојата на текстилот. Светлите бои се за создавање визија дека просторот е поголем.

**Декоративен текстил**

Декоративните ткаенини се составен дел на повеќето ентериери. Со своето присуство го надополнуваат и го дефинираат просторот. Видот, типот и бојата на ткаенината треба да се прилагоди во ентериерот и со останатите елементи при што заедно со ткаенината би го дефинирале целокупниот амбиент. Со примената на декоративна ткаенина може многу лесно и брзо да се промени просторот, односно тој да добие друга димензија. Со примена на одредени видови на декоративна

ткаенина може да се промени и стилот на уредување. Можноста за креирање на различни амбиенти е безгранична.

Примери за декоративна ткаенина има многу и сѐ зависи од нивната имплементација. Исто така, влијание има и целокупниот простор и елементите во просторот, т.е. мебелот. Декоративната ткаенина мора да биде усогласена во целост со просторот, бидејќи таа му дава целина и хармонија и таа треба да остави соодветен впечаток за просторот. Декоративната ткаенина може да се користи за завеси, прекривки, подни облоги и слично.

Свое место ткаенините наоѓаат во сите делови на станбените и јавните простории. Декоративните ткаенини може да се користат на различни начини, класични или иновативни, елегантни, дискретни или наметливи, во зависност од намената на просторот и сопствените желби.

Декоративните ткаенини често се користат во облик на завеси на стаклените површини или прозорци како и за тапацирање на мебел (најчесто гарнитури за седење). Кога се користат на ваков начин, препорачливо е да се усогласат нијанисите на боите и материјалот при што ќе се внесе хармонија во просторот. Ткаенинините не мора да се од ист материјал, меѓутоа треба да бидат усогласени како би се добил комплетен впечаток. Декоративните ткаенини може да се применат и за декоративни перничиња и прекривки кои може да се користат во сите делови од дневниот простор.

Декоративните ткаенини може да се користат и за тапацирање на надглавник од кревет, особено ако надглавникот е поизразен и висок. Со тоа не само што ја остваруваат својата практична функција, туку и декоративна, бидејќи изгледаат многу впечатливо и уникатно.

Историјата на надглавниците започнува од антички Египет. Тие се правени од абоносово дрво, злато или сребро. Првично ги користеле од практини цели за заштита од провев при спиење, а подоцна за декорација и покажување богатство и престиж. Надглавникот бил карактеристичен за богатите фараони и оние со подобар социјален статус.





Слика 15: Надглавник во антички Египет[11] Слика 16: Пример за надглавник на стол од Египет[12]

Понатаму, во Античка Грција исто така почнале да се користат надглавници и исто така биле карактеристични за богатите и имале за цел претставување луксуз и престиж.

За време на средниот век, настанале важни промени кај надглавниците. Бил измислен балдахин или украсен кров и покривка над креветот, прикажано на Слика 17. И повторно ова било одлика на богатите. Имено, многу надглавници од овој период се зачувани и денеси истите се во добра состојба, што укажува на квалитетот на истите.



Слика 17: Балдахин украсен кров [13]

Веќе во XIX век, Викторијанците ги заменуваат цврстите дрвени надглавници со железни (Слика 18), но истите се задржуваат кратко, сè до Прва светска војна.

[11] https://www.bedfed.org.uk/consumers/bed-hub/the-history-of-beds/
[12] https://www.timetrips.co.uk/tutankhamun%20replicas.htm
[13] https://en.wikipedia.org/wiki/Four-poster_bed



Слика 18:  Железни надглавници[14]

Денес, во XXI век, креветите се модерни и софистицирани и може да се најде надглавник за кревет од најразлични видови и за сечиј вкус. Пример е дадена на Слика 19.



Слика 19: Модерен надглавник

Колку и да се едноставни или комплексни елементите од мебелот, просторот ќе изгледа ладно и недовршено без употреба и воведување на декоративна ткаенина.

Улогата на текстилот во ентериерот е многу значајна. Освен што текстилот во улога на постелнина е незаменлив дел во спалната соба, исто така е важен елемент од кој се одредува стилската припадност на одредена просторија, при што се постигнува топлина, шарм и динамика во просторот.

Како главни и клучни елементи во дневната соба се:

- седечката гарнитура,

[14] http://rabbssteakhouse.com/cast-iron-headboards/mid-victorian-cast-iron-bed-at-1stdibs/

- тапацираните столици
- завеси,
- чаршафи,
- декоративни перници,
- теписи,
- прекривки.

Промената на некој од овие елементи на брз и ефикасен начин може да ни овозможи значајни и ефектни промени во домот.

Вештачките материјали предизвикуваат непријатна удобност за долгочасовно користење и поради тоа не се многу посакувани. При изборот на текстил треба да ја имаме предвид постојаната изложеност и одржливост. По правило, секогаш комбинираме сродни материјали по структура (природни со природни) како би ја нагласиле насоката и удобноста на ентериерот.

Видот и типот на ткаенината и бојата како и начинот на ткаење ја одредуваат цената, квалитетот и визуелната привлечност на даден материјал.

### 4.2. Примена на ентериерен текстил

Ентериерниот текстил е насекаде околу нас. Ентериерен текстил се однесува на секој производ направен од ткаенина и употребен во затворен простор (пример: во нашиот дом, канцеларија и слично). Ентериерниот текстил го збогатува нашиот простор, правејќи да ни биде пријатно и удобно. Без текстилот, просторот би изгледал многу оскуден, ладен, недовршен и лишен од емоции. Изборот на ентереиерен текстил го карактеризира самиот човек и неизбежно предизвикува одредени чувства.

Ентериерениот текстилот е претставен преку: килими, теписи, тапациран мебел, прекривки за гарнитури, завеси, драпери, постелнина, перници, тапети, и останати видови на елементи во ентериерот.

#### 4.2.1. Килими

Килимот претставува неизоставен елемент во уредувањето на ентериерот и е многу повеќе од удобна и топла подна облога. Внимателно одбран, треба да даде личен печат и индивидуалност на домот.

Направени од текстилни влакна, килимите се користат повеќе од пет илјади години и формираат дел од историјата и културата на народите. Служат како топлински и звучни изолатори, а при нивниот избор треба да се обрне внимание на влакната, бојата, декоративниот карактер и дизајнот за да се добие најдобрата вредност. При тоа, основно правило е килимите да ја истакнуваат индивидуалноста на секоја просторија од домот. Треба да бидеме внимателни при нивното комбинирање со другите делови од мебелот, водејќи сметка при тоа да одговараат и на бојата на ѕидовите и претходно одбраните декоративни прекривки.

Определувачка е и местоположбата на домот – модерен град или село. Во првата варијанта се претпочитаат релаксирани декорациски модели, а на вториот одговара рустикален стил. Барокни примероци одговараат доколку се сака да се создаде ефект на богатство и раскош. Интересно решение се килими во контраст со целата атмосфера – тогаш, под услов да се квалитетни, добиваат ефектен акцент и се нагласува храбриот дизајн и боја.

Првите сведоштва за килимите на Балканот датираат од времето на Византиската Империја и биле донесени од Ориентот, но и изработувани во византиските работилници. Во овој период тие претставувале луксузни предмети за повисоките класи. Нивната појава особено се врзува со доаѓањето на Турците, кои ги донеле како дел од нивната традиционална култура.



Слика 20: Традиционални македонски килими

На почетокот на килимарството пак во Македонија, влијаеле првите центри основани во Солун, Пирот (Србија) и Чипровци (Бугарија) и било концентрирано главно во неколку градови како: Прилеп, Охрид, Скопје, Кратово и Дојран.

Изработката на килими била главно за домашни потреби и во нив се забележуваат одредени локални особености. Постапката започнува со стрижење на овците и перење на волната, потоа се влачи или растресува, при што се одделува долгата „власна“ волна од кратката „штима“. „Власната“ волна се користи за основа на килимите. По нејзиното одделување таа се преде и на крајот се бои.



Слика 21: Процес на изработка:1. Стрижење на овците; 2. Перење на волната; 3. Растресување памук; 4. Влачење волна; 5. Предење волна на фурка; 6. Предење на чекрек; 7. Навивање основа на ткаење на кросно; 8. Ткаење на разбој

На почетокот се користеле природни бои кои биле многу стабилни, не бледееле лесно и давале благи пастелни тоналитети и хармонични склопови од нијанси. Процесот на боење го вршеле самите ткајачки или професионални бојаџии. За добивање на боите се користеле кори или корења од одредени билки и тоа: ореви за темнокафеава боја, индиго за модросина боја, кромид за жолтокафеави нијанси и крмез за црвени. Со развојот на индустријата се појавуваат и синтетичките бои кои се критикувани главно поради послабиот квалитет, силни нијанси и нападност.



Слика 22: Традиционални македонски килими

Ткаењето на текстилот има голема примена кај килимите, во суштина сите килими се ткаени.

Килимите биле изработувани во техниката на „лито“ ткаење со две лица и биле познати како „мазни“ килими. Во Македонија, за разлика од околните центри, тие се изработувале исклучиво на хоризонтални разбои, поради чија тесна основа се ткаени во повеќе „дипли“ (парчиња), кои потоа се соединувани давајќи ја финалната форма и димензија. Процесот на спојување на диплите барало посебна умешност од ткајачките.



Слика 23: Техника на „лито ткаење“



Слика 24: Килим од две дипли

Во средината на XX век се појавил единствениот случај на поразвиена килимарска работилница, отворена од страна на трговецот Рамчо Томчија – Ќилимаро, кој дури набавил вертикални разбои, овозможувајќи ткаење на големи едноделни килими. Во тој период, Прилеп, каде ткаеле околу 1.000 жени, прераснал во вистински производствен центар. Кон тоа посебно придонело основањето на Килимарскиот оддел, во склоп на Раденичката школа.



Слика 25: Прилепски „голем“ килим – почеток на XX век



Слика 26: Килим „софра“ - Прилепско

Изработувањето килими било исклучиво женски занает, кој го практикувале како занимање или дел од домаќинските активности, користејќи притоа различни интерпретации, бои и композиции. Нивното ткаење било творечки чин при кој се изразувале креативноста и естетските афинитети на неговите авторки.



Слика 27: Килим „Ери-дере“ (Крива Река)



Слика 28: Повеќедиплен килим – Охридско

Во орнаментиката се забележуваат многу сродности со околните Пиротски и Чипровски килими, но и диференцијации во нивните особености.



Слика 29: Мотиви од дојрански килим – Дрвото на животот, тагарка со пилци, рачките и необичен антропоморфен мотив



Слика 30: Мотив „Јавори“ – Дојран





Слика 31: Мотив „Софра“- Дојранско

Еден од најстарите ориентални мотиви е „Дрвото на животот“, а се среќаваат и мотивите на „Ниши“ или „Кутии“ (налик на куќички), „Софри“, „Тиче“ (птичка), „Тагарка со пилци“, „Пламенчиња“ и др.

Килимите се користеле во сите делови од македонската традиционална куќа, додека најголемите и најпретставителните служеле за покривање на подовите на гостинските одаи. Како дел од ентериерот на овие простории, тие имале функција на декорирање и покривање, како и сакрални функции на озачување на светиот простор, постилање на креветите и украсување на ѕидовите. Покрај килимите се употребувале и јамболии, перници, килимчиња, батании, повивалки и др.

Освен во станбената архитектура, килимите се употребувале и во црквите и во манастирите. Во џамиите тие имале функција на молитвени килими, од каде произлегле мотивите на *ниши* или *кутии*, кои по својата форма наликувале на сакралниот елемент во џамијата – *михраб.* Исто така, се користеле како дел од обреди, покривка за коњи при свадбени поворки, крштевања и други церемонии и прослави.

  

Слика 32: Килимче за колевка - с. Побожје;
Слика 33: Килимче за коњ - с. Кучевиште;
Слика 34: Перница - Тетовска Река

Со почетокот на Балканските војни, како и Првата и Втората светска војна, Балканскиот регион се дестабилизирал, а со тоа се сменил и начинот на живот. Производството на килими постепено се намалувало и никогаш повторно не го достигнало некогашниот интензитет. Масовната индустријализација на производството после војните, довела до изумирање на традиционалното килимарство.

Во современата урбана култура постои свест за вредностите на традиционалните занаети, а во тие рамки и за килимарството. Се прават обиди за повторно оживување на старите техники на изработка на килими, но за жал не со посакуваниот интензитет.

Можеме да кажеме дека денес добро решение се килимите со долги и густи влакна, кои станаа популарни во 70-тите години на минатиот век, бидејќи се меки, топли, пријатни за чекорење боси и во исто време обезбедуват сигурна звучна изолација. Чест избор се неутралните килими кај кои дизајнот е свесно поедноставен, а нијансите меки и пастелни.

**Килимите од ликовен аспект**

Ликовната уметност е заедички јазик за сите човекови творби. Основното изразување во ликовната уметност е преку ликовни елементи и принципи, односно

комбинација од бои, тон, форми, текстури, итн. За килимите анализирани од ликовен аспект, можеме да кажеме дека:

- Постарите килими се боени со природни бои, додека поновите килими претежно се со синтетички бои, кои имаат поголем колорит и издржливост;
- Нивната орнаментика ги следи правилата на декорација на ориентални килими, односно имаат симитрични композиции со доминација на геометриски мотиви (круг, коцка, линија и сл.), сепак не претставува нивна копија;
- Во целокупната композициска подреденост на орнаментните елементи и мотиви, карактеристична е застапеност и на зооморфни и антропоморфни мотиви, изразени преку стилизација на птици, животни, човечки ликови и фигури, честопати дополнети со натписи и слично.

### 4.2.2. Тапацирање

Кели (2009), вели дека терминот „тапацирање“ се однесува на софи, столици и други предмети за седење, со трајно прикачени облоги на ткаенина или кожа. Таа објаснува дека, две важни карактеристики на ткаенините за тапацирање се формата и функцијата.

Тапацир е општ термин за покривки за домаќинство, завеси, перници и покривки. Таа исто така се однесува на полнети, обложени делови од мебел, како што се столици и софи, или на обично декоративни материјали и ткаенини кои ги покриваат.

Тапацирот е работа за обезбедување на мебел, особено седишта, со подлоги, извори, ткаенини и ткаенини или кожни облоги. Зборот тапацир (upholstery) доаѓа од англиски зборови - Up и Holden, што значи „да се одржи“. Терминот се применува на домашен мебел, но исто така и на автомобили, авиони и чамци (Upholstery, 2010).

Концептуалната примена на „тапацир“ е дефинирана како декоративен материјал и ткаенини кои се користат за покривање на мебел.

### 4.2.3. Мебел штоф и прекривки за гарнитури

Мебел штофот има големо значење при опремувањето на секој простор. Се користи за тапацирање и обложување гарнитури за седење и други видови на

мебел. Заедно со обликот и стилската форма на мебелот во просторот, дизајнот на мебел штофот го диктира стилот на опремувањето.

Покрај стандардната примена за тапацирање, мебел штофот се користи и за пресвлекување на мебел за посебни прилики или како негова секојдневна заштита. Во таа смисла се користат прекривките на гарнитурите за седење, кои треба да обезбедат нивна заштита од абење, валкање и сл., а кои се изработуваат од различни видови ткаенини.

### 4.2.4. Декоративни перници

Домот не го сочинува само мебелот, туку и деталите кои го украсуваат и дополнуваат. Со нив, во домот внесуваме енергија, стил и му даваме личен печат. Во тој смисол, декоративните перничиња претставуваат мошне битен елемент во уредувањето на ентериерот, кој со нив добива свежина и нов изглед.

При изборот на декоративни перници, важен е материјалот од кој се направени, како и неговата боја. При тоа, тие треба да се прилагодат не само на креветот, фотелјата, столиците и сл., туку и кон тепихот и останатиот мебел. Просториите наместени со светли и претежно еднобојни предмети може да ги „подигнеме“ со шарени перници.



Слика 35: Декоративни перничиња во дневна соба



Слика 36: Декоративни перничиња во спална

### 4.2.5. Завеси и драпери

При уредувањето, т.е. декорирањето на внатрешниот ентериер, т.е. нашите домови, канцеларии, студија и др., освен мебелот, друга главна компонента се и

текстилните материјали како што се: завесите, драперите, чаршафите за маса, прекривките за гаранитурите за седење, теписите, тапетите и други ткаенини, декоративни на ентериерот.

Завесите пред се имаат декоративна улога во домот, но исто така служат и за заштита во внатрешноста на домот за преку ден, а за навечер се навлекуваат драперите за да не продира светлината. Драперите уште служат и за заштита од сонце. Завесите можат да бидат плетени (чипка) и ткаени кои ги има во многу видови. Изгледот на завесите може да биде надополнетсо разни украси, со везење, бродирање, штампање и печатење. Тие се ткаат од многу квалитетен памук, свила, лен, полиестер и други вештачки влакна. Познати видови ткаенини се: маркезит, кристален маркезит, органтин, органтин со букле, ленено платно, батиста бродирана, тул, тул со вез, тул со чипка, само чипка, индиско платно, полиестер, детски завеси со детски апликации.

Драперите обично се подебели од завесите и најчесто во боја или непроѕирни кои се уклопуваат со бојата и стилот на мебелот. Обично се во смирени тонови, но и во зависност од потребата. Природните бои како што се кафеава, беж, сива, црвена, жолта, сина, виолетова и др. и даваат убав и пријатен ефект на просторот. Ако имаме застапено две бои во просторот, може да земеме и трета боја, но не и повеќе бои ќе биде шарено и нема да има никаква смисла. Платната за драпери можат да бидат ткаени и тоа: ленено платно, шантун, плиш, сатен, дизајниран или релјефен сатен, полиестер, индиско платно и др. Најквалитетни платна за драпери се оние платна исткаени од природни влакна како што се : памук, лен, коноп, јута, рамија, а особено најубаво е свиленото платно.

Моменталните современи трендови пласираат панелите кои се направени на метален држач и платно кое е прикачено на држацот. Платната може да бидат печатени во разни дезени и шари, во зависност од стилот и бојата на мебелот, а исто така можат да бидат и колоритни во една боја. Други нови модели на завеси се и роло-зебра кои се во една или две бои, а исто така можат да бидат и дизајнирани во разни шари. Нив ѓи има дизајнирани во гранки со лисја, цветен дезен, кругови, правоаголници и други шари.

### 4.2.6. Декоративни ѕидни облоги - тапети

Тапета е материјал кој се користи во внатрешната декорација за декорирање на внатрешните ѕидови. Обично се продава во ролни и се нанесува на ѕид користејќи паста за позадина.

Со употреба на тапетите просториите со нив оживуваат и добиваат нова нота. Тие додаваат и нова димензија на вашиот простор. Тие може да бидат еден од најубавите украси во домот, кои му даваат шарм и топлина на домашниот простор, создаваат препознатливост, а за што не се потребни многу средства.

Лесно се вклопуваат во просторот, даваат чувство на префинетост, ги сокриваат несовршеностите на зидот, создаваат илузија на совршеност. Практични се, може да се менуваат, и овозможуваат драматика и шарм што не може да се постигне со нанесување на бои.

Најпознати видови тапети се: тексилни, хартиени и винилни. Текстилните тапети се состојат од три дела: во средината е ткаенината, од едната страна е полиакрилниот слој кој се лепи на ѕидот, а од другата страна е тефлонска заштита која ја штити тапетата од хемиски и механични оштетувања и им дават отпорност на валкање. Текситлните тапети најчесто се направени од лен, свила, памук и слично.

Текстилната тапета всушност претставува ткаенина врз која се печати одредена декорација и се лепи на ѕидот.

Постојат различни дезени и мотиви како што се камен, цигла, метал или дрво, цветни дезени, различни геометриски форми, итн.

Со тапетите не мора да се обложува цела просторија, некогаш е доволно да се залепат само на еден ѕид или столб.

Во просториите каде што има многу агли и ниски тавани, како собите на поткровје, најдобро одговараат тапети со вертикални шари, кои би придонеле за создавање илузија на повисок и поголем простор.

Еднобојните и двобојните тапети се интересен детал во просторија во која нема премногу бои и шаренило, како на пример, работна соба или ходник.

Тапетите во појаки бои како црвена, жолта и портокалова обезбедуваат чувство на топлина, па така овие нијанси се вистински избор за темни простории и соби свртени кон север.

За оние похрабрите, дизајнерите ги препорачуваат колоритните и исклучително живописни тапети Елитис, кои се инспирирани од животот, уметноста, музиката и фотографијата, и кои дефинитивно ќе внесат страст и топлина во домот.

Од друга страна, детските соби се најпогодни за ваквите бои, па нема да погрешите доколку во детската соба ставите тапети во весели бои и дезени.

Кога се работи за спалната соба, најдобри се тапетите во бледо жолти, лаванда или светло сини нијанси, кои би придонеле за подобар сон. Одбегнувајте ја црвената боја поради нејзиниот стимулативен ефект кој често предизвикува несоница.

Генерално, во малите соби од домот не е препорачливо да се поставуваат тапети во темни нијанси, кои визуелно би го намалиле просторот.

За да се добие она чувство на комфор во домот, најдобри се тапетите во зелени нијанси, додека за постигнување на драматичност и модерен изглед, одличен избор се впечатливи и живописни тапети, кои се поставуваат само на едниот ѕид од просторот.

## 5. Примена на материјли во ентериер

При внатрешно уредување, секој корисник си го поставува прашањето за тоа кој материјал е најдобро да го избере, кој е најиздржлив, кој е најсоодветен, кој би се вклопил со останатите елементи, и слично. Сите материјали си имаа свои предности и недостатоци и во зависност од потребата се применува најсоодветниот.

При изборот, секогаш се наметнува прашањето дали да се применат природни или синтетички материјали, со оглед на тоа што и едните и другите имаат свои предности и слаби страни. Во таа смисла, повеќето домови имаат мешавина на природни и синтетички материјали.

Свилата, како природен материјал, обезбедува збогатување на секој простор и се користи како структурен елемент при изработката на завеси, перници или дури како покривка на тапацир. Неговата текстура е мека и сјајна и ја рефлектира

светлината. Главен недостаток е што не е многу издржлив материјал и на него останувaат дамки. Затоа, заради осетливоста на свилата не се препорачува да се користи во многу фреквентните простории, како што се семејните соби во домот.

Памучното влакно се наоѓа во многу различни мешавини и ткаенини и, како што претходно споменав, дава пријатно чувство и овозможува кожата да „дише“, се карактеризира со отпорност на бледеење, многу е цврсто и достапно е, па поради тоа е популарен избор за секој дом. Има широка примена, од тапацир за мебел, до подметнувачи, завеси и сл. Главниот недостаток на памукот е што лесно се валка и останувaат дамки, затоа подобар избор е да се користи памучна мешавина отколку чист памук.

Иако често се смета дека ленот е типично летна ткаенина, дава свежина и е пријатна на допир, па според тоа е идеална за лето, тој може да биде совршен додаток на домот преку цела година. Идеален избор е за чаршафи за маса, навлаки за перничиња, како и постелнини.

Како што споменавме во делот за синтетички влакна, главна карактеристика на полиестерот е неговата цврстина и отпорност, па според тоа е добар избор за места за седење, завеси, постелнини. Најчесто во домот се користи полиестерска мешавина со други ткаенини, на пример, полиестер во комбинација со природни ткаенини се користи при тапацирање на мебел.

Друг вид на синтетички материјал кој е удобен и функционален и често се применува во домот, особено во простории со поголема фреквенција на движење, е олефин. Удобен и издржлив, отпорен на дамки, идеален е за изработка на мебел.

Денес се актуелизира ориентација кон еко материјали. Под еко материјали се подразбира оној материјал кој не ѝ штети на околината при неговото производство и при употребата, може да се рециклира и слично. Имено, секој материјал може да биде еко материјал сè додека задоволува одредени услови[15].

## 5.1. Материјали за тапацирање на мебел

За тапацирање на мебел најчесто се користи: мебел штофот, еко кожата и кожа.

[15] http://www.d4s-sbs.org/MH.pdf

Во однос на мебел штофот, истиот најчесто е од ткаени влакна и тоа посебно од природни влакна кои се најпогодни за седење. Мебел штофот е поиздржлив на механички и физички оптоварувања, а исто така може и хемиски да се третира.

Видови на штофови: плиш (од микрофибер влакна, бафал), плетенини, панама ткаенина, сатен, сомот ткаенина (жанил), велвет ткаенина (кадиф), велур, micro-suede, micro-fieber, jacquard и други.

Во составот на мебел штофовите има:

- природни влакна: памук, лен, свила, волна, коноп, јута, итн.;
- синтетички влакна: полиестер, полипропилен, акрил, вискоза и други;
- Мешани материјали од природни и вештачки влакна.

Денес најактуелен е полиестерот бидејќи е со пониска цена, го има во различни дезени и бои, не го привлекува правот, влакната и други нечистотии, а со тоа полесно се оддржува од останатите материјали.

Еко кожата како материјал е попривлечен за око, но понепријатен за седење, бидејќи на лето ни е жешко и нѐ поти, а во зима ни е студено и мораме да ја покриеме со текстилен или волнен материјал. Еко кожата се користи бидејќи е отпорна на вода и влага и лесно се одржува.

### 5.2. Материјали за завеси

За изработка на завеси се користат материјали и со природни и со вештачки влакна. Најкористените материјали за завеси вклучуваат:

- **Памук** - Завесите изработени од памук се лесни, добро штитат од сончева светлина и се лесно оддржливи;
- **Полиестер** - Завесите изработени од полиестер се цврсти и издржливи и лесни за одржување. Не се гужваат. Не бледеат. Добри се за да се користат во спална и дневна соба, но треба да се избегнуваат за во кујна бидејќи полиестерот е запаллив и лесно апсорбира мириси;
- **Лен** - Делува кежуал и е многу издржлив, отпорен е на абење и бледеење од сонце. Недостаток е тоа што завесите од лен брзо се гужваат и примаат влага;
- **Свила** - Изгледаат луксузно, но на сончева светлина бледеат и се оштетува и затоа треба да се користат далеку од директно печење на сонце;

- **Кадиф** (velvet) - Скапа и луксузна ткаенина. Кадифот е густа ткаенина и не ја пропушта светлината со што овозможува екстра заштита од љубопитни погледи. Како недостаток е тоа што е тешка и потребни се  добри држачи (корнизи);
- **Чипка (тантела)** - Тоа е ткаенина која често се користи и дава нежен и префинет амбиент. Недостаток е што може да биде многу скапа;
- **Волна** - Завесите изработени од волна се дебели и тешки и добро ја блокираат светлината. Потешко се перат;
- **Виоле** - Ова е ткаен материјал кој е мек и лесен. Најчесто е 100 % памук, а може и мешавина од полиестер. Добар квалитет, и дозволува продир на светлина онолку колу е потребно.

Најчесто за баланс  помеѓу цената и луксузноста, се користат завеси од полиестар, измешан со памук и свила. Ваквите ткаенини се пристапни по цена, а изгледаат убаво, елегантно и скапо.

Драперите обично се подебели од завесите. Платната за драпери можат да бидат ткаени и тоа: ленено платно, шантун, плиш, сатен, дизајниран или релјефен сатен, полиестер, индиско платно и други. Во последно време мошне застапени се панелите кои се направени на метален држач и платно кое е прикачено на држачот.

### 5.3. Материјали за теписи

За изработка на теписи се користат материјали и со природни и со вештачки влакна. Најкористените се:

- **Најлон** (nylon) - Синтетичка ткаенина која е многу силна, издржлива и отпорна на абење, а во исто време комфорна. Лесно се чисти, но прави многу статички електрицитет;
- **Олефин** (познат како Polypropylene) - Издржлива, отпорна на влага и флека, лесно одржлива. Има прифатливо ниска цена. Единствен недостаток е тоа што оваа ткаенина е лесно запалива;
- **Полиестер** (PET) - Тој е удобен и повеќе еко пријателски отколку најлонот и олефинот. Отпорен на флеки од храна и е лесно оддржлив;
- **Волна** - Одлична издржливост, а притоа мека и пријатна. Симболизира луксуз, топлина и квалитет. Нуди добра звучна и топлинска изолација. Отпорна на

оган. Отпорна на флеки. Потешко се чисти, бидејќи бара посебен третман. Често е напаѓана од молци и други бубачки;

- **Памук** - Теписите од памук се отпорни и силни и лесно се одржуваат. Склони се кон флеки, кои иако лесно се перат, со тек на време може да потемнат. Не прави статички електрицитет, како најлонот;
- **Acrylic** - Синтетички материјал, сличен на волната. Одлична издржливост, отпорен на флеки, полесно се чисти од волната, но со пократок век од волната. Одбива влага и брзо се суши.

### 5.4. Материјали за прекривки

Прекривките најчесто се користат за да обезбедат заштита од абење, валкање и слично. Се изработуваат од различни видови ткаенини од природни и синтетички влакна, најкористени се:

**Памук** - Прекривките од памук се меки на допир и даваат пријатно чувство. Се карактеризираат со отпорност на бледеење, цврсти и со достапна цена, па поради тоа се популарен избор за секој дом. Главниот недостаток на памукот е што лесно се валка и остануваат дамки, затоа подобар избор е да се користи памучна мешавина отколку чист памук;

**Волна** - Прекривките изработени од волна се потешки, но меки и пријатни на допир. Издржливи се и нудат добра топлинска изолација;

**Свила** - Прекривките од свила укажуваат на луксуз и елеганција;

**Полиестер** - Цврсти, издржливи, а во исто време удобни и меки. Отпорни на флеки и лесно се одржливи.

Најчесто се прави мешавина со цел добивање ткаенина со подобар квалитет.

## 6. Својства на материјалите

Однесувањето на материјалите, во голема мера зависи од природата и распоредот на градивните молекули. Различни типови на влакна имаат различна природа и распоред на молекулите. Различен распоред на молекули може да има и примерок од исти влакна и таа состојба може да варира од една состојба до друга. Состојбата на материјалите зависи од нивниот предтретман, влажноста и

температура, односно, како во кои услови биле претходно оптоварувани и/или третирани влакната.

Сите влакна имаат единствен сет на карактеристики со свои предности и недостатоци. Тие се нарекуваат својства. Широкиот спектар на својства на природните материјали треба да се земат во обѕир при изборот на материјали за текстилни производи.

Честопати, повеќе типови на  влакна се мешаат меѓу себе како би се подобриле својствата на самиот материјал.

Својствата на текстилните материјали се делат на:

- Физички својства,
- Хемиски својства
- Механички својства на текстилни влакна.

### 6.1. Физички својства на текстилот

Под физички својства на ткаенините се подразбираат нивните статички физички димензии, како што се:

- Тип, големина и должина на влакното:
  Без разлика дали се работи за филамент или сечени влакна, овие својства влијаат на естетиката, удобноста, издржливоста, одржувањето и негата на ткаенината. Од нив зависи  крајната употреба на текстилот;

- Дијаметар, тежина или големина на предиво, број на предива како и содржина на влакна во мешаните предива:
  Како што претходно споменав, сите материјали, без разлика дали се ткаени или плетени, се направени од предиво. Големината на предивото обично се поврзува со тежината на ткаенината. На пример, тешките ткаенини користат дебели предива додека за лесни ткаенини се користи фино предиво;

- Тежина:
  Тежината на ткаенините (плетени или ткаени) е значајно својство и се мери во единици како: унци на квадрат или јарди по килограм;

- Дебелина:

Дебелината на ткаенината е параметар кој го детерминира начинот на ракување, тежината, термичкиот отпор и многу други својства на ткаенината при нејзината употреба;

- Структура на ткаенината;
- Тип на ткаење кај ткаениот материјал:

  Типот на ткаење може да даде податоци за ткаенината кои ќе бидат корисни за начинот на нејзиното одржување;

- Тип на плетка кај плетениот материјал:

  Плетените ткаенини се генерално лесни, удобни за носење, а типот на нивната плетка влијае врз начинот на грижа кој е потребен за да не го променат својот изглед;

- Ширина на ткаенината;
- Боја на ткаенината: боја, вредност и интензитет (степен на брилијантност);
- Густина на ткаенината: тежина по единица волумен;
- Површински контури: геометриска димензија на површината на ткаенината.

### 6.2. Механички својства

Механичките својства се одговор на текстилните материјали на делувањето на надворешните сили, при што се менува нивниот облик и волумен. Тука припаѓаат: јачина, еластичност, растегливост, ригидност.

Однесувањето на материјалите зависи од природата и распоредот на молекулите од кои се изградени. Природата и распоредот на молекулите варира не само меѓу различните видови на влакна, туку и кај примерок од исти влакна.

Под јакост се подразбира способноста на влакното да го издржи кршењето или деформирањето под дејство на механички оптоварувања врз него. Всушност, тоа претставува негова отпорност на надворешното оштетување, што во голема мера ја определува издржливоста на текстилните производи. Тоа е мерка за постојаната сила која е неопходна да го скине влакното, а експериментално се одредува од максималното оптоварување при тест на затегање. Според меѓународниот систем на единици (Si), таа се мери во њутни (N, newton).

Еластичноста подразбира својство на материјалот да се враќа во неговата оригинална големина и облик, дури и кога товарот престанува да делува врз него.

Кога материјалот ќе се истегне под дејство на сила која е под вредноста на кинење и ако потоа се остави да се поврати од тоа дејство, тој веднаш не се враќа на својата почетна должина. Колку од почетната должина ќе поврати зависи од употребената сила, времето на нејзиното дејствување, како и времето на повраток. Еластичноста е временски зависен феномен. Таа зависи од времето за кое се држи материјалот при дадено истегнување. Колку подолго се држи при дадено истегнување, толку еластичноста е помала.

Пластичност е својство на материјалот што го прави да биде во деформираната големина и форма дури и кога товарот престанува да делува на него.

Својството на материјалот кое му овозможува да се деформира под затегнувачко оптоварување без да се прекрши под дејство на товар се нарекува затегнувачка цврстина.

### 6.3. Хемиски својства

Хемиските својства се одговор на текстилните материјали на делувањето на киселини, бази, органски растворувачи: Хемиски својства е однесувањето на материјалот кон дамки, способноста за апсорпција на влага како и отпорноста на влијанија како: светлина, топлина, отпорност на бактерии и други деструктивни инсекти и корозивни хемикалии.

Во следните Табели е направена компарација на различни типо ви на вкална и нивното однесување во случај на влага, светлина, органски растворувачи, киселини, бази и органски растворувачи.

Табела 1: Влијание на влагата врз текстилните влакна

| **Влакно** | **Враќање при влага (%)** |
|---|---|
| Памук | 7-11 |
| Свила | 11 |
| Волна | 17 |
| Вискоза | 13 |
| Ацетат | 6,5 |

| | |
|---|---|
| Најлон 6.6 | 4 |
| Акрил | 1-2 |
| Полиестер(ПЕТ) | 0,4 |

Табела 2: Влијание на сончевата светлина врз текстилните влакна

| **Влакно** | **Влијание на сонцето** |
|---|---|
| Акрил | Мали или воопшто никакви ефекти |
| Полиестер | Мало губење на јакоста, нема промена на бојата |
| Вискоза | Главно отпорна, ја губи јакоста по долго изложување |
| Ацетат | Главно отпорен, ја губи јакоста по долго изложување |
| Триацетат | Отпорен, ја губи јакоста по долго изложување |
| Најлон 6.6 | Не ја менува бојата, ја губи јакоста по долго изложување |
| Памук | Ја губи јакоста по долго изложување |
| Волна | Ја губи јакоста и ја менува бојата |

Табела 3: Влијание на органските растворувачи врз текстилните влакна

| **Влакно** | **Влијание на органските растворувачи** |
|---|---|
| Акрил | Без влијание |
| Полиестер | Растворлив во некои фенолни соединенија, инаку непроменет |
| Вискоза | Без влијание |
| Ацетат | Расторлив во ацетон |
| Триацетат | Растворлив во ацетон, хлороформ |
| Најлон 6.6 | Главно непроменет, растворлив во некои фенолни состојки |
| Памук | Отпорен, резистентен |
| Волна | Главно резистентна |

Табела 4: Влијание на алкалиите врз текстилните влакна

| Влакно | Влијание на алкалиите |
|---|---|
| Акрил | Силните алкалии го уништуваат при вриење, а отпорен на слаби алкалии |
| Полиестер | Отпорен на ладни алкалии, полека се распаѓа на вриење со силни алкалии |
| Вискоза | Отпорна на студени, слаби алкалии, ја губи силата во концентрираните алкалии |
| Ацетат | Сапонифициран, мал ефект од ладни, слаби алкалии |
| Триацетат | Отпорен до pH 9.8 $205^0$F, подобар од ацетатот |
| Најлон 6.6 | Мало или воопшто никакво влијание |
| Памук | Набабрува кога се третира со сода бикарбона, но не се оштетува |
| Волна | Ја уништуваат силните алкалии |

Табела 5: Влијание на киселините врз текстилните влакна

| Влакно | Влијание на киселините |
|---|---|
| Акрил | Отпорен на повеќето киселини |
| Полиестер | Отпорен на повеќето минерални киселини дезинтегрирани од 96 % сулфурна киселина |
| Вискоза | Дезинтегрира во топло разредени и ладни концентрирани киселини |
| Ацетат | Растворлив во оцетна киселина, се распаѓа од силни киселини |
| Триацетат | Растворлив во оцетна киселина, се распаѓа од силни киселини |
| Најлон 6.6 | Се распаѓа од силни минерални киселини, отпорен на слаби |
| Памук | Дезинтегрира во топло разредени и ладни концентрирани киселини |
| Волна | Ја уништува топла сулфурна киселина, а отпорна на останатите киселини |

## 7. Видови на текстил

Поимот текстил во најопшта смисла на зборот означува материјал кој е произведен од некој тип на процесот на ткаење. Текстилот има традиционално значење „ткаенина“ и доаѓа од латинскиот збор „texere“ што значи „да се исткае“[16]. Ткаенините може да се класифицираат врз основа на: формата на влакната, изворот на влакната и методот на изработување на крајниот производ (Landi,1998). Влакната, пак, според нивното потекло можат да бидат: природни, вештачки и неоргански. Неорганските, односно минералните, обично не се користат во производството на текстил бидејќи во својот состав вклучуваат стакло и азбест.

Природните влакна можат да бидат: растителни (памукот и ленот) и животински (волната и свилата).

**Памукот** е природно влакно кое се добива од семето на растението памук и е широко застапен во производството на ткаенини. Памучните ткаенини се најудобни и најбезбедни за носење. Се користат за производство на сите видови облека, мебел, предива за плетење и наречени се „ткаенини за цела година“ бидејќи лесно се прилагодуваат на климатските барања. Во летната сезона памучните ткаенини го ладат телото и ја апсорбираат потта, додека во зимската сезона овозможуваат телото да ја задржи топлината. Памукот е јак апсорбент, отпорен на алкалии и органски растворувачи, нежен, евтин, удобен за носење, еколошки одржлив, што овозможува негова широка примена, но од друга страна тој се собира, лесно гори и се брчка, што се негови слаби страни.

Некои видови ткаенини што се произведуваат од памук се:

- Corduroy, тоа е пресечена смола достапна во цврсти бои. Влакната се гледаат во вид на ребра на површината. Главно се користи за панталони, фармерки и кошули;

[16]http://eprints.ugd.edu.mk/8035/1/Mojsov%20Kiro%20%282013%29%20%D0%9D%D0%95%D0%93%D0%90%20%D0%9D%D0%90%20%D0%A2%D0%95%D0%9A%D0%A1%D0%A2%D0%98%D0%9B.pdf?fbclid=IwAR2jta2OawuBzCDsXVu0AthE-fgBwgjAohopNrsoiRxoNFbHU3vyaZRqZZI

- Denim, ткаенина изработена од издржлив памук од која најчесто се произведува тексас облека. Може да биде со различна густина, состав, вид и боја. Речиси секогаш има адитиви во својот состав (ликра, вискоза);
- Drill, ткаенина многу слична на denim, но обично е обоена и има помазен изглед, со цврста завршница. Првично произведена во бела, денес е достапна во повеќе бои. Популарен избор е за униформи и работна облека, како и детска облека и мебел;
- Cambric, лесна ткаенина ткаена со цврста завршница, погодна за женски и детски фустани;
- Lawn е лесна ткаенина со мазна текстура, на кожата ѝ овозможува да дише и поради лесната природа се употребува за летни и пролетни фустани и постави;
- Gabardine е цврста ткаенина, тесно исткаена и најчесто се користи за изработка на костуми, панталони, мантили, спортска опрема;
- Poplin е памучна ткаенина со средна тежина, мазна и нежна. Има карактеристични пруги кои се простираат од раб до раб. Главно се користи за палта, јакни, кошули, фустани;
- Velvet е вид на ткаенина во која сечените навои се рамномерно распоредени со краток густ куп, правејќи го мек и сјаен. Се применува за облека за жени и деца;
- Calico е обичен ткаен текстил, направен од неизбелен и често нецелосно обработен памук. Ткаенината е помалку фина од muslin, но помалку груба и дебела од canvas или denim, но многу евтина заради нејзиниот недовршен изглед. Погоден е за блузи, здолништа, наметки;
- Gingham е ткаенина од чист памук или памучна мешавина, изработена од кардирани, средни или фини предива. Наоѓа примена во изработка на чаршафи за маса, фустани, кошули, детска облека;
- Chintz е стаклена разнобојна ткаенина, првично произведена во Индија, може да биде печатена или насликана и се користи за завеси и тапацир.

**Лен** е растително влакно кое се добива од стеблото на растението лен и од него се прави ленено платно. Се нарекува „крал на природната ткаенина“, безбеден е и се препорачува за чувствителна кожа бидејќи неговите природни својства го прават отпорен на алергии и иритации. Природното влакно на ленениот материјал го прави силен и издржлив што овозможува негова примена во производството на

мебел, крпи, чаршафи и лесна летна облека. Има природен изглед и слаб сјај, лесно се ракува, јак е апсорбент отпорен на алкалии и органски растворувачи. Негов недостаток е лесното брчкање, што донекаде ја ограничува неговата примена. Ленени ткаенини се:

- Duck (од холандскиот збор „doek“ - ленено платно), најчесто наречена „canvas“ надвор од текстилната индустрија, е тешка, обично ткаена памучна ткаенина. Ткаена е со две предива во основата и едно предиво во ткивото. Се употребува за: чевли и патики, торби и ранци, тенди, платно за слики, вреќи за песок;
- Huckabuck е стара ткаенина која сè уште се користи во денешно време во производството на крпи. Има специфична нерамна површина што им овозможува на крпите подобро да ја апсорбираат водата.

**Волната** е текстилно влакно од животинско потекло, кое освен од овци, во помал дел се добива и од кози и камили. Волнените ткаенини се користат за облека повеќе од дванаесет илјади години. Волнената облека е удобна, топла, пријатна за носење и му овозможува на телото слободно да дише. Мека, силна, многу издржлива, дава топлина и атрактивен изглед, ја апсорбира влагата, не се тутка лесно, еластична и лесна за ракување волната освен за облека се користи за производство на мебел, теписи и ќебиња. Подолгото време потребно за сушење, чувството на непријатност и јадеж на кожата при носење, се некои од недостатоците на волната, а некои почесто користени волнени ткаенини се:

- Worsted е тип на висококвалитетно волнено предиво од овци, но и ткаенината изработена од овој вид на предиво го носи истиот назив. Таа е јака и фина и погодна за изработка на костуми;
- Shetland, вид на груба ткаенина која се добива од истоимениот вид на волнено влакно од шетланд овци. Производот е еластичен, малку груб и влакнест, но јак и сјаен;
- Baize е груба, обично зелена волнена ткаенина која претежно се користи за покривање на билијардси маси и маси за играње карти;
- Flannel е лесна, цврсто исткаена волнена ткаенина, пријатна и топла за носење. Претежно се обојува. Со кариран дезен се нарекува спорт-фланел, а со пругаст тенис-фланел. Поради топлината се користи за зимска облека,

ќебиња, постелнина, пижами, кошули, но и за бебешка облека поради својата голема мекост;

- Jersey е плетена ткаенина од волнено предиво или во мешавина со целулозно влакно од волнен тип. Потешките видови ткаенинини се користат за костуми, а полесните за фустани;
- Tweed е груба, недообработена волнена ткаенина, многу трајна, топла и заштитува од влага, идеална за изработка на зимски костуми, блејзери, наметки;
- Serge е вид на ткаенина што наоѓа примена во изработувањето на воени униформи, се одликува со дијагонални линии или риги на двете страни;
- Fleece е една од најстарите и најпопуларни ткаенини. Двојно плетена, обезбедува топлина, пријатна и лесна, погодна е за детска облека, перници, ќебиња, пижами, облека за скијање;
- Tartan е ткаенина составена од вкрстени хоризонтални и вертикални ленти достапни во широк спектар на бои. Признаен во целиот свет како симбол на шкотското наследство, се користи за изработка на шкотски килтови, гајди, шалови и други предмети, но и во модната индустрија за здолништа, костуми и сл.

**Свилата** е текстилно влакно од животинско потекло, добиено од кожурец на свилена буба. Се одликува со голема цврстина, еластичност, природен сјај и поради тоа се применува за изработка на висококвалитетни и луксузни фустани, шалови, вратоврски, но и некои видови мебел. Свилената ткаенина е една од висококвалитетните ткаенини што му дава удобност на носителот во сите временски услови; во лето го одржува телото ладно, а топло во зима. Светски водечки производител на свилени производи е САД, додека во Европа тоа се Франција и Италија. Индиската свила е многу популарна во светот. Свилата е скапа ткаенина, лесно се тутка, може да биде послаба додека е влажна и не може да се испере добро, што се недостатоци на оваа ткаенина. На пазарот се достапни мноштво свилени ткаенини:

- Chiffon е прозрачна, лесна ткаенина првично направена од свила, но денес може да се најде изработена од вискоза или полиестер. Иако е тенка, сепак е цврсто плетена. Се користи за сари, марами, блузи, фустани, а слаба страна му е склоноста кон собирање;

- Georgette е материјал кој традиционално се прави од свила, иако некогаш се користат и синтетички материјали, како што е полиестер. Лесен е и тенок, при допир има ситнозрнеста структура и нерамна површина. Мошне е издржлив, не се кине лесно и го има во различни бои и дезени. Погоден е за вечерни тоалети и фустани во повеќе слоеви;
- Damask е ткаенина со средна или висока густина, погодна за изработка на завеси;
- Taffeta е мазна, јасна, транспарентна ткаенина со фино ребро и карактеристична завршница. Првично е направена од свила, но во поново време се среќава изработена од вискоза. Се користи за вечерни тоалети;
- Organza е ткаенина традиционално ткаена од свилени нишки, а во денешно време често изработена од полиестер и најлон. Најлуксузната органза сепак останува свилената. Воздушната органза е најпосакуван материјал за свадбени креации и свечени тоалети. Често се користи и за драперија, во цвеќарниците за украсување на букети, а во риболовот за изработка на мамци;
- Crepe de Chine е најпозната по својата разновидност, сјајност и деликатна текстура. Идеален е за свадбени креации, додаток на блузи и  машки кошули;
- Duponi е ткаенина со прекрасна стуктура, со мали падини кои се движат хоризонтално. Совршен избор е за облека за специјални прилики како што се свадбени фустани, но и за драперии и сл.;
- Satin е една од најелегантните ткаенини, а причина е нејзиниот неверојатен изглед, мазна површина и голема сјајност. Многу е лесна и деликатна и се произведува со голема грижа и внимание. Се користи за разновидна облека како блузи, фустани, женска долна облека, машки шорцеви, наметки, вратоврски. Од неа се изработуваат и познатите „pointe“ чевли за балет, а се применува и за постелнини и завеси.

Други животински влакна кои се користат за правење предиво се:

**Кашмир,** кој се добива од подвлакно на коза и се смета за луксузно влакно поради неговата мекост и сјај. Многу е редок и скап, се смета дека годишното производство на влакна од шест кашмирски  кози е доволно за да се направи само една спортска јакна;

**Мохер,** се добива од ангорска коза, мазна е на допир, а светлината која ја рефлектира ѝдава карактеристичен сјај.

**Ангора**, волна од оголен ангорски зајак, фина, свиленкаста и исклучително мека на допир, добро апсорбира вода и лесно се бои. Премиум волната се зема од горната и задната страна на зајакот.

Вештачките влакна се произведени од хемиски и технички средства и главно се делат на две категории: регенерирани (обновливи) и синтетички влакна.

Регенерираните влакна се произведени со природни полимери, тоа се целулозни влакна направени со хемиско менување на природен материјал. Најчесто тоа се вискоза и ацетат.

Вискозните влакна се добиваат од дрвната маса на еукалиптус, бор или букови дрва. Тие може да се добијат и од кратки памучни влакна – отпаден производ од памучната преработувачка индустрија. Вискозната ткаенина е уникатен тип на ткаенина која не може да се нарече ни синтетичка ни природна. Нејзината мека текстура ја прави една од најомилените ткаенини, добро впива влага и е релативно евтина, што ја прави погодна за производство на блузи, кошули, фустани, постава, декоративни ткаенини, ткаенини за мебел и сл. Недостаток на овие ткаенини е склоноста кон туткање, осетливоста на механичко дејство и впивањето вода.

Ацетатните влакна се произведуваат од целулоза на база на памук или дрво со ацетат анхидрид, катализатори и ацетон. Може да бидат цврсти или меки, во зависност од намената, ѝ овозможуваат на кожата да дише, на ткаенината ѝ даваат мек и луксузен изглед и поради нивниот сјај и елегантен набор се поевтина алтернатива на свилата. Се користи за спортска опрема, фустани, блузи, постави, драперии, прекривки за кревети, тапацирање и сл.

Со примена на одредени завршни обработки, регенерираните влакна стануваат мазни, сјајни или текстурирани. Тие се застапени во изработката на летна облека, вратоврски, постави, долна облека и сл.

Синтетичките влакна се направени како филамент или сечени влакна, може да се групирани или набрани за да имаат повеќе волумен, може да се направени како микровлакна и тие може да врзуваат хемикалии, веројатно да дадат антибактериски својства или мирис на парфем[17].

17 http://eprints.ugd.edu.mk/8035/1/Mojsov%20Kiro%20%282013%29%20%D0%9D%D0%95%D0%93%D0%90%20%D0%9D%D0%90%20%D0%A2%D0%95%D0%9A%D0%A1%D

Ткаенините од синтетички влакна се едноставни за одржување поради лесното перење и сушење, не го менуваат обликот при перење и користење, отпорни се на молци и микрооргаизми, имаат голема растегливост. Главни недостатоци им се: осетливост на повисоки температури, создавање статичен електрицитет, помалку пријатни се за носење од ткаенините од природни влакна.

Полиамидот е релативно евтин, растеглив, отпорен на бактерии и многу издржлив. Во недостатоци може да се наведат следните: слаба апсорпција и оштетување од сончева светлина поради што ослабува бојата. Се одржува на пониска температура. Се употребува за производство на облека, теписи, јажиња, ремени. Благодарение на примената во изработката на женски чорапи, производството на овие влакна нагло порасна.

Nylon, Tactel, Micro се дел од ткаенините од полиамид.

- Nylon е полукристален, термопластичен производ со високи перформанси, со атрактивни физички и механички својства. Тоа е сјајно, мазно влакно со мала тежина и голема јакост, не апсорбира вода, има голема еластичност што го прави погоден за примена во трикотажата. Се користи и за правење јажиња поради неговата отпорност на температурни промени, но и за едра, падобрани и сл.;
- Tactel влакното се произведува од хемикалии што се добиени од нафта. Меко е, лесно, мазно, брзо се суши, а неговата јакост придонесува ткаенините кои го содржат да се поцврсти дури и од оние со природни влакна. Поради својата мека и лесна природа наоѓа примена во производството на женска долна облека, детска облека и др.;
- Micro е синтетичко влако кое е екстремно тенко, дури потенко и од свиленото. Може да варира во својствата, во зависност од влакната од кои е создадено. Микрофибер најчесто се добива од комбинација на полиестер и полиамид и има цела низа посакувани својства, што му овозможува широка примена. Една од неговите најчести употреби е во производите за чистење, особено крпи, поради огромната моќ за апсорбирање на вода, како и начинот на кој ги собира бактериите од нечистите површини. Во процесот на проиводство, влакната се

0%A2%D0%98%D0%9B.pdf?fbclid=IwAR2jta2OawuBzCDsXVu0AthE-fgBwgjAohopNrsoiRxoNFbHU3vyaZRqZZI

поделени, што ги прави ефикасни при подигање на нечистотија. Покрај тоа, микрофибер може да привлече и да фати бактерии и вируси од повеќето површини. Ова го намалува ризикот од ширење на болести во кујни, болници и секаде каде што се користат. Исто така, тој не е абразивен, така што нема да ги оштети површините дури и кога се користи со раствори за чистење. Големата моќна апсорпција на вода, го прави микрофибер погоден за производство на спортска облека, а се користи и за изработка на редовна облека, јакни, тапацир за мебел и др.

Полиестерот е широко застапен во текстилната индустрија, за производство на спортска облека, работна облека, кошули и др. Не се тутка, многу е јак, брзо се суши, евтин е и може да се употребува сам или во смеса со памук или волна. Слабата апсорпција е негов основен недостаток. Ткаенини кои се користат се:

- Terylene е првата произведена полиестерска ткаенина и набрзо стана многу популарна поради својата разновидност. Добро се комбинира со природните влакна, посебно памук, лесно и брзо се одржува. Се користи за облека, креветски чаршафи, јажиња и сл.;
- Diolen е материјал, кој по својот состав е комбинација на памук и полиестер, кои можат да бидат во различен сооднос. Се користи за изработка на различни видови облека.

Освен овие, други видови ткаенини кои се применуваат се: Finesse, Miratec, Poliester fleece, Trevira и др.

Акрил е мек, има мала тежина, отпорен е на собирање и на изложеност на сонце, добар топлотен изолатор е, лесно се обојува. Може да се направи во фини и груби сечени влакна и има примена во изработката на играчки, плетена облека, јакни, шешири, простирки, антибактериски чорапи и спортска облека. Тип на ткаенини кои содржат акрил се:

- Courtelle е акрилна ткаенина слична на волна, наоѓа широка примена во трикотажата, производство на спортска облека и сл.;
- Amicor е ткаенина што се базира на акрил, но може во својот состав да содржи и други влакна, вклучувајќи памук, волна, најлон, вискоза, полиестер. Од него се изработува различна облека, постелнина и др.

Еластан (ликра, спандекс) е полиуретанско влакно, многу еластично, ја задржува формата и е отпорно на сончева светлина. Може да се протега четири до седум пати повеќе од неговата должина. Во ткаени и плетени ткаенини еластанот го зголемува задржувањето на формата и дава висок степен на удобност. Наоѓа примена во изработката на костими за капење, спортска и друга облека за која е потребна дополнителна еластичност (фармерки, блузи). Еластан влакната секогаш се во комбинација со повисок процент на други влакна. На пр., стреч фармерките се 96 % памук и 4 % еластан.

Како конкретен пример ќе разгледаме некои од производите на компанијата ЈОФА ТЕКС која повеќе од 20 години успешно работи на пазарот во регионов и во светот. Овие комерцијални производи на компанијата ЈОФА ТЕКС се само дел од понудата која ја нудат од аспект на комерцијални текстилни производи.




Слика 37: CONGO, состав: 100 % полиестер




Слика 38: LUXOR, состав: 92 % полиестер, 8 % најлон



Слика 39: КITANA, состав: 100 % полиестер



Слика 40: BOMBAY, состав: 100% Полиестер



Слика 41: ZARAGOSA, Sостав: 100 % полиестер



Слика 42: PIERO, Sостав: 100 % полиестер

## 8. Текстилни влакна

Влакната претставуваат основа на сите текстилни материјали. Изгледот на текстилниот материјал зависи од начинот на ткаење на текстилните влакна и на тој начин се одредува структурата, карактеристиката на самиот материјал. Изгледот на

текстилот може да претрпи промена, меѓутоа главните карактеристики на влакното остануваат одлучувачки фактор за употребата и одржувањето на материјалот.

Текстилните влакна се делат на природни и хемиски.

Природните влакна се наоѓаат во природата во облик кој е соодветен за непосредна употреба. Постојат:

- природни целулозни,
- природни протеински и
- минерални.

Хемиските влакна се произведени со хемиска обработка на природни полимери или пак се суровина за нивно производство (синтетски влакна). Тие се делат на:

- метални;
- силикатни;
- макромолекуларни природни соединенија (каучук, морски алги, целулоза, протеини)
- синтетски високополимерни соединенија (се делат на поликондензати, полиадициони соединенија и полимери).

Текстилните влакна може да се поделат и врз основа на потеклото, при што разликуваме три типови и тоа од:

- растително,
- животинско и
- синтетско потекло[18].

[18] Д-р Д. Димески, Д-р В. Сребренкоска, Механички својства на текстилни материјали.




Слика 43: Класификација на текстилни влакна според потекло

## 8.1. Текстилни влакна од раститено потекло

Текстилните влакна од растително потекло се добиваат со преработка на одредени делови од растението. Во зависност од тоа од кој дел на растението може да се добијат, се прави следната поделба:




Слика 44: Поделба на растителните влакна

Основна структурна компонента на сите видови растителни влакна без разлика на тоа од кој дел од растението се добиени е целулозата, а во помали или поголеми количини може да имаат во својот состав и придружни материи како што

се лигнин (дрвенеста материија), пектин (растително лепило), смола, маснотии, минерални материи итн.[19].

Количината на овие материи зависи од видот, условите на одржување на растението, зрелоста на растението, па затоа и содржината на целулоза во билните влакна се разликува.

Поради содржината на овие придружни материи природните влакна не секогаш имаат бела боја, туку нивната боја преминува во жолтеникава, зеленикава, црвеникава или добива сив тон. Може да се сјајни или пак да немаат сјај.

Растителните влакна може да бидат составени од една комонента како што е тоа случајот со памукот или повеќе елементарни компоненти меѓусебно поврзани со ектин (лен, коноп, јута).(1)

Целулозата претставува фиброзен материјал од растително потекло која е основа на сите природни и синтетски влакна.

## 8.2. Текстилни влакна од животинско потекло

Текстилните влакна од животинско потекло својата примена на наоѓаат уште пред илјадници години во праисторијата кога и биле единствен расположлив материјал. Влакната од животинско потекло и нивната поделба се наведени на Слика 45.




Слика 45: Поделба на животински влакна

[19] Д-р Д. Димески, Д-р В.Сребренкоска, Механички својства на текстилни материјали.

### 8.3. Текстилни влакна од минерално потекло

Во минерални природни влакна се вбројува влакното од азбест кое поради штетните ефекти врз здравјето на лугето е отфрлено од употреба.

### 8.4. Текстилни влакна од природно полимерно потекло

Во групата на природни полимерни влакна припаѓаат целулозните, протеинските, аналгинатните и нивните подгрупи, како што е прикажано на Слика 46.




Слика 46: Поделба на природни полимерни влакна

### 8.5. Текстилни влакна од синтетско полимерно потекло

Во групата на синтетски полимерни влакна се вбројуваат влакна кои се добиваат од термопластични полимери како што е наведено на Слика 47.




Слика 47: Поделба на синтетски полимерни влакна

### 8.6. Текстилни влакна од неорганско потекло

Во влакна од неорганско потекло припаѓаат стаклените, металните, керамичките и специјалните влакна (Слика 48).




Слика 48: Поделба на неоргански влакна

## 9. Дезени за текстил

Животот на современиот човек е поврзан со разнобоен свет на ткаенини. Човекот избира сопствена облека, мебел и тапациран мебел по спаствен вкус, а нивниот дизајн и шема на бои всушност претставуваат надворешно продолжување на нашето „Јас“. Стилска облека или внатрешен дизајн на простор не е само начин на човечко самоизразување, удобно живеалиште, туку претставува и еден вид порака за самата личноста кон другите луѓе[20].

Дезенот е украсна шара на текстилот. Претставува повторување на некој елемент или мотив. Повеќето од нив се измислени и постојат уште многу одамна. Денес, напредната технологија овозможува текстил со различни дезени. Инспирацијата за дезенот може да биде најразлична и да варира во зависност од потребата и модата. Мотивот е од секојдневието (објекти од природата или креирани од човекот), апстрактен (комбинација од форми во различни бои и големини), геометриски мотив (круг, линија и др.), и слично. Сите тие се според одредена шема, терк, форма, модел или комбинација од повеќе шеми. Дезенот понекогаш се употребува за да има одреден ефект: издолжување, стеснување, со еден збор маскирање, т.е. камуфлажа. Во ентериерот користењето на дезени секогаш мора да биде усогласено и координирано со целиот стил, со цел да има хармоничен простор.

Во прилог ќе презернтирам неколку форми на дезен:

[20] http://zosto.info/razlicni/kako-da-primenite-shema-na-tkaeninata-doma.html

- **Карирано** (англ. **Tartan** ) - Ова е класичен дезен на ткаенина кој асоцира на традиција и со сигурност дава топлина и визуелно омекување на просторот. А ако се употребуваат потемни и покрупни карирани дезени се внесува „машкост“ во просторот.  Овој дезен е поврзан со Шкотска и претставува дезен од волна за креирање на шкотска традиционална облека (килт).

Дезенот е формиран од вкрстени хоризонатални и вертикални линии со различен редослед и различна ширина и боја, формирајќи квадрати со различна големина.

При штампање на ваков дезен, прво се изработуваат еднобојни мазни ткаенини, најчесто во бела боја, а потоа дезенот се проектира на ткаенината. Овој дезен може да се формира и со процесот на ткаење. За таа  цел преѓата најпрво се обојува во соодветни бои и се поставува  на двата система: основата (за надолжни линии) и јатокот (за напречни линии).



Слика 49: Карирано



Слика 50: Карирани завеси и перници

- **Пепито** (англ. **Houndstooth**) - е дезен на ткаенина со двобојни квадратчиња, кои на аглите имаат апстрактна, неправилна форма, кои според некои потсетува на кучешки заб, како што е и потеклото на зборот, од англиската кованица puppytooth (заб на кученце).

Најчесто се во црно-бела комбинација, а може и комбинации со други бои. Обично како основа се јавува црната боја. Се претпоставува дека шарата потекнува од Шкотска. Најчесто пепито дезенот се среќава на волнени ткаенини и е асоцијација за есенски и зимски модели. Пепито е популарен и во ентериерното уредување, а особено е примамлив за оние кои преферираат минимализам при уредувањето.

Овој дезен може да се добие и со техника на печатење и со ткаење. Проектирањето на дезенот на тканината е според шемата дадена Слика 51.



Слика 51: Шема за ткаење на пепито

Вклучува 2 групи (најчесто по однос на боја) од по четири конци поставени на основата и јатокот кои се преплетуваат паралелно во дијагонален правец во однос 2:2 (два над и два под основата), со што се формира едноставна кепер ткаенина.



Слика 52: Пепито



Слика 53: Пепито тапацирани столови

- **Цветен дезен** - Постојат цветни модели од мали до големи, од реални до апстрактни, од шарени до монохроматски. Текстил со цветен дезен дава свежина во просторот. Може да се користи и ткаење и штампање (печатење) за добивање на овие дезени. При штампање (печатење) може да се добијат многу пореалистични, поколоритни верзии на овој дезен, особено ако се корситат новите технологии на принтање.



Слика 54: Цветен дезен

## 9.1. Стилска определба

Внатрешното уредување е уметност која зависи од самиот уредувач. Секој човек има различен стил на уредување, согласно своите желби и можности. Во зависност од избраниот стил, се бираат и соодветни материјали за употреба. Стилот

многу влијае врз изборот на материјалите, т.е. текстилот за завеси, теписи, прекривки и слично. Во прилог ќе дадам осврт на повеќето стилови.

**Класичен стил**

Класичниот стил го карактеризираат големи и раскошни трпезарии и салони кои се користат за јадење. Тие се претежно опремени со голема трпезариска маса, опкружена со столици со витки линии и со големи правоаголни потпирачи, со дополнително поставени кожни или тапацирани удобни фотелји. Иако класичниот стил веќе нема толку строго дефинирани правила, го карактеризираат големи примероци на дрвен мебел на кои веднаш се забележува вештата рака на мајсторот и грациозните линии. Во последно време тоа е често помешано со модерни материјали и поведри бои што на просторот му дава помалку формален, но и елегантен печат. Таквата бескомпромисна мешавина на ново и на старо се покажува како добитна комбинација за простори со долга традиција, како што се стари куќи, вили, салонски станови итн.

Најсчесто се користи памук, платно и кожа за завеси, теписи или навлаки на седечките гарнитури. Мебелот најчесто е дрвен и тоа од масивен орев или цреша кои на просторот му даваат топлина и отменост. Подовите се најчесто дрвени, камени, а со нив најдобро се согласуваат природните бои како и други земјени тонови.

**Art deco** (Арт деко)

Стил кој бил особено популарен во дваесеттите и триесеттите години на дваесеттиот век. Негова карактеристика е елегантната геометрија кај покуќнината и мебелот, заоблените површини, детали кои се пресликуваат симетрично, како и мебел од дрво со хромирани делови и стаклени горни површини.

**Art nouveau (Арт нуво)**

Стил кој му претходи на Арт деко. Се појавува во Франција помеѓу 1890 и 1910. Го карактеризираат мебел, покуќнина, „Тифани“ лампи со меки линии и со слободни форми и облици, инспирирани од природата и женското тело.

**Asian (Азиски)**

Стил кој е во релација со јапонските и кинеските влијанија. Традиционалните јапонски ентериери се организирани според обликот на човечкото тело, со предмети со димензии 90 x 180 cm, кои се користат како прекривки за подот, изработени од природни влакна, и се нарекуваат татами. Необработените материјали како што е бамбусот, и боите земени од природата се употребуваат за да се постигне провидно и мирно опкружување. Во уредувањето карактеристика е шоји врата (лизгачка врата направена од дрвени рамки кои се пресвлечени со полупроѕирна специјална хартија) и светилките од оризова хартија. Кинеските ентериери се препознаваат по високостилизираниот мебел, со рачни нацртани мотиви на лакирани подлоги, додатоци со силни бои и орнаменти или статуи кои претставуваат животни или митски ликови. Црвената боја многу често се употребува, како симбол на среќа.

**Baroque (Барок)**

Изразено декоративен стил кој се појавил во Италија во седумнаесеттиот век. Го карактеризираат торзиони столбови, големи неправилни криви линии, сложени спирални украси, прекумерно обликување, скапоцени материјали и украси во интарзија на дрвените подови. Златната боја преовладува, украсена со силни нијанси на розева, темно зелена, загасито црвена и палено-кафеава, како би се постигнал богат, „царски“ изглед.

**Colonial (Колонијален)**

Стил кој доминирал во уредувањето на американските домови од осумнаесеттиот век сè до годините на револуцијата. Се заснова на голема употреба на дрва за подови и ѕидови, кои често се оставаат во природен облик, без лакови и бои. Токарените вретенести облици се употребуваат кај ногарките. Карактеристични за овој стил се нежно везени платна и ткаенини, потоа фамилијарни портрети, и предмети од коситра.

**Contemporary (Современ)**

Опфаќа широк појас на стилови развиени во втората половина на дваесеттиот век. Предметите се со меки, заоблени линии, наспроти острите линии на модерниот дизајн. Ентериерите се со неутрални елементи и чисти бои, истакнувајќи ги на тој начин основните линии, облици и форми.

**Cottage**

Разнобоен, удобен изглед, кој карактеризира насликан и/или украсен мебел со грациозни линии, како и предмети со изразени текстури, како кај плетените кошари, рапави ѕидови, подни простирки и завеси за прозорците од природни материјали, патинирани дезени и бои кои потсеќаат раскошна градина.

**Country (Селски)**

Широк опсег на стилови кои зависат од географската положба, но за сите нив е карактеристичен едноставниот мебел кој е подреден на функционалноста, пригушените тонови, млечни бои и vintage материјали.

**Eclectic (Еклектичен)**

Еклектичниот стил ги опфаќа разновидните периоди и стилови, а главна карактеристика при уредувањето во овој стил е употребата на повеќе бои, текстури, облици и завршни обработки.

**English (Англиски)**

За ентериерите во овој стил е карактеристично што многу се употребува дрвото, материјали со мотиви и традиционални бои. Дрвото се употребува и кај подовите, за обложување како и за обработка со резба. Материјалите се карирани или се со цветни мотиви, или со пруги во темнозелена боја, морнарско сина, црвена и златна. Вообичаени се и колекции на фин порцелан и сребрени предмети.

**English country (Англиски селски)**

Опуштен, удобен стил кој претставува толкување на традиционалниот изглед. Боите се природни и пригушени, присутни се квалитетни текстури во ентериерите и екстериерите кои се добиени со употреба на дрво, метал и камен. Во ткаенините кои се употребуваат се присутни и везени простирки и теписи, како и материјали со пригушени цветни мотиви. Мебелот варира од комоди во темни бои, до полици за книги од дрво од бор.

**French Empire (Француски империјален)**

Стил на раниот деветнаесетти век, кој ги изразува империјалните амбиции на Наполеон. Базиран на класичните римски и грчки облици, мотивите се симболични и

претставуваат факели, римски орли, империјални венци, ликови од митологијата, лавови и буквата „N“ (Napoleon). Ѕидовите и таваните содржат многубројни украси.

**French Country (Француски селски)**

Рустикалната верзија на формалниот француски мебел од седумнаесеттиот и осумнаесеттиот век, како што се стиловите за време на Луј XIX и Луј XV. Парчињата мебел на раниот француски провинцијален стил се сметани за селански мебел. Биле рачно обработувани и биле во природна состојба. Наместо тешките тапацирани делови, столиците имале прачки на седалата и потпирачите. Бои кои се типични за овој стил се загаситите бои како и интензивните нијанси на медитеранско сината, сончево жолтата, теракотно црвената и зелената боја. Природните материјали и теракотата обилно се употребуваат, со додатоци од жица и ковано железо.

**Garden (Градинарски)**

Стил кој се карактеризира со свежи и убави предмети, помеѓу другото и цветни мотиви, везени перници, врамено суво цвеќе, насликан мебел од дрво, детали со чипка, свежо цвеќе и антиквитети од порцелан.

**Mediterranean (Медитерански)**

Овој мебел потекнува од земјите во северот на Медитеранот како што се Шпанија, Грција и Италија, а често се нарекува и Шпански модерен стил. Мебелот со медитерански стил варира од едноставна функционалност до екстремна формалност. Парчињата мебел се ниски, со украсни ногарки и постолја, рамките се тешки, често патинирани или палени. Ѕидовите најчесто се со изразени текстури, а вообичаени се и заоблените горни површини, или заоблени површини над каминот.

**Mid-century modernism (Модернизам од средината на векот)**

Стил кој настанал во период помеѓу 30-тите и 70-тите години на дваесеттиот век. Се карактеризира со додатоци со природни облици, чисти линии, еднобојни ѕидови и рамки за мебел од панел и варено дрво. Материјалите кои се употребуваат во овој период вклучуваат панели, шперплочи, фурнир, фиберглас, челик, алуминиум и ковано железо. Осветлувањето претставува уметнички детал, со

мотиви на кругови, триаголници, конуси и тела направени од челик, месинг, алуминиум. Се користат и завеси со интензивни бои.

**Modern (Модерна)**

Стил кој потекнува од триесеттите години на дваесеттиот век, со корени во германската Баухаус школа за дизајн, како и во скандинавскиот модерен дизајн. Го карактеризираат мебел со чисти, рамни линии, полирани површини, мазни геометриски облици и асиметрија. Големите и едноставни прозорци го спојуваат ентериерот со надворешните пејсажи.

**Moroccan (Марокански)**

Стил полн со детали, ткаенини со украсни мотиви, разнобојни мозаици, метални латерни, ѕидови со текстури, лесни материјали, бои на скапоцени камења, ориентални простирки и теписи, перници изработени од скапоцени ткаенини, како и резбарени дрвени детали.

**Neoclassical (Неокласичен)**

Елегантен и едноставен стил во дизајнот, со мотиви превземени од стариот Рим, Грција и Египет, многу популарен во доцните години од осумнаесеттиот век.

**Old World (Стар свет)**

Печат на овој стил е удобниот изглед, на кој се гледаат траги од негово користење. Ѕидови со текстура, рачно обработени прозорци и ѕидови, природни материјали како што е мермерот го истакнуваат овој стил. Завршната обработка е особено важна – брусен и мат мебел повеќе се употребува отколку површините со висок сјај и отсјај. Боите се пригушени.

**Rococo (Рококо)**

Стил на европскиот дизајн, со потекло од Франција во осумнаесеттиот век, со мебел изработен од скапо дрво со украси од резба и заоблени облици. Се смета за рафинирана верзија на крупниот и цврст бароken стил.

**Romantic (Романтичен)**

Удобен стил кој им годи на сетилата преку користење на меки ткаенини со цветни мотиви, чипка, насликан мебел, пастелни бои, пригушено светло и мирисни цветни аранжмани.

**Rustic (Рустикален)**

Едноставен стил типичен за живот на село, со едноставни ентериери, необработени ѕидови, дрвени облоги, груби греди и камен. Покуќнината е едноставна и цврста, со малку украси и со природна или патинирана завршна обработка.

**Scandinavian (Скандинавски)**

Опфаќа три различни нордиски стилови – Селски, Густавијански и Скандинавски модерен стил. Сите три се доследни на светлата и свежа палета на бои, како и на мноштвото парчиња мебел од дрво, а сето ова како противтежа на темните и студени предели и зими. Карактеристиките на селскиот стил вклучуваат необработени или обоени дрвени површини, дрвени подови, мебел изработен од бреза или бор, и материјали со минималистички мотиви и бело-измиени нијанси. Густавијанскиот изглед е комбинација на парче со селански стил со палета на интензивни бои и елегантни додатоци, како што се кристалните лустери и покуќнината со прекрасни облини. Скандинавскиот модерен стил се развил со движењето на модерната во триесеттите години од дваесеттиот век. И него го карактеризира мебел од светло дрво, но овојпат со нагласени линии, облик и форма. Изгледот е нагласен со детали со интензивни бои, обично кај уметничките дела или кај подните простирки.

**Shabby chic (Излитен шик)**

Овој стил е популарен во последниве години поради достапноста и ниските цени. Мебелот со бела боја, насликани мотиви, пригушени тонови, пресвлеки и материјали со стари мотиви се карактеристики на овој удобен стил.

**Southwestern (Југозападен)**

Најчесто го означуваат бои со земјени тонови, необработени текстури, рачно изработени предмети, со често користење на теракота и кровови со глинени керамиди.

**Traditonial (Традиционален)**

Традиционалната покуќнина може да се сретне во деветнаесеттиот век, во француските провинции, па дури и кај егзотичните острови на Исток. Меѓу најпопуларните традиционални стилови се англискиот стил на осумнаесеттиот век, неокласицизмот на деветнаесеттиот век, францускиот провинцијален стил и повторното раѓање на британскиот колонијален стил.

**Tropical (Тропски)**

Орнаменталните резби со островски мотиви, егзотично дрво и врамени пресувани растенија се главни карактеристики на овој стил

**Victorian (Викторијански)**

Мебелот и архитектурата на стилот кој го добил името по англиската кралица Викторија, бил многу популарен во втората половина на деветнаесеттиот век. Кај него најчесто се употребува махагони, орев и ружино дрво, темни бои, нагласени резби со цветни мотиви. Вообичаени елементи на овој стил вклучуваат кружни потпирачи на столиците, горни плочи на масите од мермер и ноќни масички. Ткаенините и ѕидните облоги се со изразени мотиви и интензивни бои. Драперите и пресвлеките се украсени со долги реси.

## 9.2. Креативен пристап во дизајн на ентериерен текстил

Постојат многу пристапи при дизјанирање на ентериерен текстил, една идеја е дизјан со мотив: еко свет. Денес едно од најактуелните прашања е глобално затоплување, климатски промени и зачувување на планетата земја. Ова ми беше инспирација за истражување во таа насока. Така, со цел да се подигне свеста за ова прашање, може на материјалот да се печатат мотиви од природата и со тоа пренесување на мотивациони пораки. За овој дизајн доминантна боја е зелената. Типот на материјалот може да биде од секаков вид и техниката за печатење може да биде која било. Овој принт може да се аплицира на завеси, декоративни перници,

прекривки, тапети и слично. Во прилог се неколку примери, со акцент на декоративните перници[21]:




[21] Сликите со предлози се превземени од Интернет.


LOVE THE EARTH








GREEN
CITY
I LOVE NATURE











Слика 55: Примери на перници со дезен на тема „Еко свет“

## 10. II ДЕЛ ИСТРАЖУВАЊЕ

Истражувачкиот дел го поделивме на два дела и тоа првиот од аспект на домување, односно употребата на текстилот во ентериерот преку видувања на одредена фокус група и вториот дел интервјуа со одговорни лица од компании за производство на материјали за тапацирање и мебел како би ја доловиле состојбата на пазарот и од друга страна би ги увиделе барањата на купувачите.

### 10.1. Употреба на текстилот во ентериерот

Стамбениот ентериерот претставува простор во кој членовите на семејството поминуваат голем дел од своето време. Овој простор има различни намени: забава, дружење, релаксирање, гледање телевизија и разговори.

Покрај овие активности, ентериерот е место каде што корисниците ги прикажуваат и индивидуализираат карактеристиките на мебелот, материјалите при што во голема мера се одразува и нивната персоналност.

Употребата на текстилот е од големо значење за уредувањето на ентериерот затоа што, освен истакнувањето на персоналноста и индивидуалноста на едно

живеалиште, се овозможува и определено ниво на комфор. Уоптребата на текстилот во ентериерот ќе биде анализиана од аспект на користењето во дневниот простор како најчесто користен простор во домашната средина. Во оваа студија ќе се анализираат повеќе дневни простори од аспект на употреба на текстил во различни импликации при што верувам дека со анализа на различни простори ќе се добие смислата за употребата на текстилот во ентериерот.

### 10.2. Цел на истражувањето

Целта на истражувањето е да се анализира употребата на текстилот во ентериерот, конкретно во дневниот простор.

Главното прашање при ова испитување е како луѓето ја рефлектираат употребата на текстилот во ентериерот. Се верува дека животните простори даваат најдобри резултати при анализирање на употребата на текстилот во внатрешните простории.

За оваа цел беше изработен прашалник за анализа и проценка на ентериерот на корисниците. Прашалникот содржи 13 прашања и тоа прашања од општ каратер (поврзани со корисникот, начинот на живот и навиките) како и прашања поврзани со употребуваниот мебел во ентерерот како би се добиле информации за изборот кој го прават сопственниците и приоритетите кои ги имаат во врска со употребата на текстилот.

Прашалниците се пополнуваат од секое лице поединечно и како додаток на прашалникот ги замоливме иситаниците за фотографии кои би го потврдиле и визуелно доловиле искажаното.

За ова испитување се пополнети вкупно 20 прашалници (ПРИЛОГ 1). Одговорите дадени на прашалникот и набљудувањата од различните ентериери помогна да се долови употребата на текстилот во домашната средина. Мнозинство на испитаници (20 испитаници) сметаат дека дневниот простор е заеднички простор за членовите на семејството едни со други и тоа од аспект дека дневниот простор е удобно место: за забава, одморање и дружење.

Табела 6: Одговори на прашањето: Која е главната функција на дневниот простор?

| | Испитаници | Процент |
|---|---|---|
| Удобно место за членовите на семејството | 0 | 0 |
| Забавно место | 0 | 0 |
| Место за одморање | 0 | 0 |
| Место за дружење | 0 | 0 |
| Останато | 0 | 0 |
| Сѐ од горенаведеното | 20 | 100 |




Графикон 1: Одговори на прашањето: Која е главната функција на дневниот простор?

Текстилот подеднакво се дистрибуира во архитектонски елементи на внатрешни простори; кај отвори на ѕидни површини, на подни површини и на мебел. За изборот на текстилот во дизајнирањето на ентериерот главно пресудна е желбата на член на семејството. Така, секој животен простор има свој идентитет, кој го одразува животниот стил на корисникот, навиките и карактерот.

Табела 7: Одговори на прашањето: Кој носи одлуки за декорирање и уредување на домот?

| | Испитаници | Процент |
|---|---|---|
| Мајка | 16 | 0 |
| Татко | 1 | |
| Деца | 2 | |
| Девојка | 1 | |
| Дечко | 0 | 0 |
| Дизајнер/декоратер | 0 | 0 |




Графикон 2: Одговори на прашањето: Кој носи одлуки за декорирање и уредување на домот?

Завесите многу често се користат во ентериерите и тоа е случајот и кај нашата фокус група каде кај шеснаесетмина од испитаниците од отворите на прозорците во дневниот простор има целосно покриеност со завеси. Сепак, тие се обликувани според желбите на корисникот.

Табела 8: Употреба на завеси во домот

| | Испитаници | Процент |
|---|---|---|
| Да | 16 | 20 |
| не | 4 | 80 |




Графикон 3: Употреба на завеси во домот

Завеси на прозорците се користат за многу цели. Може да бидат или со функционална или со декоративна цел. Завесите имаат приоритет за луѓето при изборот на мебел за внатрешни простории. При изборот на завеси за прозорци, луѓето исто така обрнуваат внимание на хармонијата со останатите елемети на мебелот. Завесите, исто така делуваат како комплементарен елемент.

Од подните простирки во ентериерот најмногу се користат килимите како избор за текстилна покривка во просториите за живеење. Во нашата фокус група осумнаесетмина од испитаниците од животните простори имаат мек мебел на подни површини. Тие не се користат за покривање на целокупната површина на просторот туку најчесто се користат под трпезариска или клуб маса. Теписите се користат и за функционални цели, односно контакт со меки материјали кои создаваат чувство на пријатност кај корисникот. Употребата на килими, исто така, има и декоративен ефект при што ја омекнува ладната слика на подот во просториите за живеење.

Табела 9: Употреба на подни покривки во домот

| | Испитаници | Процент |
|---|---|---|
| ДА | 18 | 30 |
| НЕ | 2 | 70 |




Графикон 4: Употреба на подни покривки во домот

Сите домови имаат гарнитури за седење кои се генерално целосно покриени со текстилен материјал. Мебелот е покриен со различни тапацири, перници и покривачи со цел да се исполнат желбите за удобност во просторот. Употребата на текстил на гарнитурите, перниците и покривките се користи за зголемување на

нивото на удобност и додавање на декоративен изглед во ентериерот. Тие се одбираат и обликуваат од потребите и изборот на корисникот. Завесите и теписите се второ преферирaн текстил што треба да се промени во животниот простор.

Употребата на текстилот во ентериерот треба да е во хармонична хармонија и да има комплементарен ефект еден на друг елемент: Воедно треба да е добро балансирана како би се постигнала рамнотежа и позитивна атмосфера и би се дефинирал просторот.

Како резултат на ова истражување, оваа теза ја разјаснува важноста на текстилот во опремувањето на внатрешните простори, особено во дневниот простор. Дневниот простор е најпосакуван простор каде луѓето може да ги покажат своите лични карактеристики на други луѓе. Дневниот простор претставува социјален простор каде луѓето го поминуваат поголемиот дел од времето. Според дадените одговори и анализи, јасно е дека луѓето не можат да замислат простор за живеење без да користат текстил. Употребата на текстил интензивно се појавува во повеќето дневни простории.

Табела 10: Одговор на прашањето: Дали може да го замислите вашиот животен простор опремен без текстил?

| | Испитаници | Процент |
|---|---|---|
| ДА | 0 | 0 |
| НЕ | 20 | 100 |




Графикон 5: Одговор на прашањето дали може да го замислите вашиот животен простор опремен без текстил

Употребата на текстилот доаѓа како дел и од столиците во дневниот престој кои се задолжителен елемент од трпезарсиката маса и во нашето истражување резултатите покажаа дека материјалите од кои се тапацирани столиците се многу разновидни. Како материјал преовладува кожата и еко кожата, додека веднаш зад неа е штофот.

Табела 11: Одговор на прашањето: Од кој материјал се изработени столиците во Вашиот дом

| Материјал | Испитаници | Процент |
|---|---|---|
| Кожа | 10 | |
| Штоф | 9 | |
| Дрво/метал | 1 | |




Графикон 6: Одговор на прашањето: Од кој материјал се изработени стлиците во вашиот дом?

Табела 12: Одговор на прашањето: Дали користите додатоци  во вашиот дом?

| | Испитаници | Процент |
|---|---|---|
| ДА | 18 | 90 |
| НЕ | 2 | 10 |




Графикон 7: Одговор на прашањето: Дали користите додатоци  во Вашиот дом?

Табела 13: Одговор на прашањето: Кој елемент во домот има најголем приоритет за употреба на текстил?

| | Испитаници | Процент |
|---|---|---|
| Перници | 0 | 0 |
| Тапацир | 18 | 0 |
| Завеси | 1 | 0 |
| Подни покривки | 1 | 0 |
| Чаршафи | 0 | 0 |
| Останато | 0 | 0 |



График 8: Одговор на прашањето: Кој елемент во домот има најголем приоритет за употреба на текстил?

Табела 14: Одговор на прашањето: Кој дел од текстилот во домот најчесто претрпува промени?

| | Испитаници | Процент |
|---|---|---|
| Перници | 17 | 0 |
| Тапацир | 0 | 0 |
| Завеси | 0 | 0 |
| Подни покривки | 0 | 0 |
| Чаршафи | 3 | 0 |
| Останато | 0 | 0 |




График 9: Одговор на прашањето: Кој дел од текстилот во домот најчесто претрпува промени?

## 10.3. Интервјуа со производствени компании

Вториот дел од истражувањето е осмислено преку интервјуа со одговорни лица од компании за производство на материјали за тапацирање и мебел, како би ја доловиле состојбата на пазарот и од друга страна би ги увиделе барањата на купувачите.

За оваа цел беа интервјуирани одговорни лица од следните компании:

1. ЈУМИС, Бел Камен 30, Кочани, Македонија;
2. МЕБЕЛ-ВИ, Марксова 23, 2310, Виница, Македонија;
3. МЕБЕЛ ТРЕЈД доо, Маршал Тито 114,2310 Виница, Македонија;
4. ФОКУС upholstery, Јадранска Магистрала 203, 1000, Скопје, Македонија.

Интервјуата беа изведени на принцип на структуирано интервју, при што по извршувањето беа групирани во Табели и целосно прикажани во Прилог.2.

Од одговорите добиени од компаниите се сумирани следните информации.

- Она што е заедничко за сите компании е тоа што освен останатите активности, сите се занимаваат со изработка на тапациран мебел;
- За тапацирање на мебелот компаниите го користат мебел штофот и еко кожата, додека чистата кожа сè поретко се користи во производството или само по нарачка затоа што се работи за материјал кој е поскап во цена и е потежок за изработка;
- Компаниите работат со широк спектар на материјали како плетенини, ткаенини, принтани ткаенини, сомот ткаенини, велвет, велур, полиестер во различни бои и дезени, ткаен мебел штоф;
- За тапацирање најчесто се користи мебел штофот од ткаени влакна и тоа посебно од природни влакн кои се најпогодни за седење и одморање и даваат природен допир. Еко кожата исто така е многу упоребуван материјал кој е попривлечен за око, меѓутоа понепријаден за седење;
- За изработка на декоративни елементи се употребуваат сите материјали, па дури и чиста свила;
- Во минатото во Македонија постоеле фабрики за производство на мебел штоф и тоа во Крива Паланка и Радовиш, но за жал денес не рабоат;
- Материјалите кои се користат за изработка во овие производствени погони се увозни материјали најчесто од Турција и Кина и тоа може да биде од сопствен увоз или преку некој од дистрибутерите. Кога се работи за употреба на кожата како материјал, најквалитетната се увезува од Италија;

- Најскап материјал за користење е чистата кожа, ткаени материјали од природни влакна, квалитетна еко кожа;
- Поевтини материјали се пресувани мебел штофови кои се одликуваат со мала издржливост како и еко кожа со полош квалитет која за кратко време испукува и се лупи;
- За тапацирање на столиците се користат истите материјали како и за тапацирање на гарнитурите;
- Што се однесува на искуствата околу начинот на одржување на материјалите нема единствено решение, односно постои можност кај мебел штофот за хемиско третирање на нечистотијата со средства за флеки и дамки што не е случај кај еко кожата која се одржува со бришење со влажна крпа. Чистата кожа е најкомплексна за одржување поради посебниот третман на нанесување на посебни восоци и креми со цел подмладување и враќање на првичниот изглед. Мебел штофот е поиздржлив на физички и механички дејства, односно: вода, влага, флеки, прашина, додека еко кожата е отпорна на вода, влага, но е многу поосетлива на механички и физички дејствија;
- Побарувачката на материјали е сразмерна што се однесува на мебел штофот и еко кожа. Поупотребуван е клот материјалот, а што се однесува на бојата таа е во зависност од моменталниот тренд;
- Дизајнираниот материјал повеќе се користи за декорација на гарнитурите и најчесто се дизајнира со ситни кругови, ромбоиди, триаголници и други геометриски фигури. Може да се сретнат и дизајни со цветови, гранки, листови, како и покомплицирани материјали со каро и пруги кои се избегнуваат од производувачите поради тоа што нивното кроење треба да се изведува праволиниски.

## 11. Заклучок

Од самата појава на текстилот во доцното камено време, па до денес, неговата потреба сѐ повеќе расте, неговата примена сѐ повеќе е распространета и неговото производство е сѐ помасовно. Со напредокот во индустријата, измислени се најразлични видови на текстил (од природни и/или синтетички влакна), различни техники на создавање, боење и дизјанирање на ткаенините, од рачното ткаење, па сѐ до модерните inkjet принтери за штампања (печатење). Иако традиционалните начини се ценети, сепак можностите од модерните технологии преовладуваат. Потребата од убав и пријатен дом, придонесува употреба на текстилот насекаде во домот. Неговата функција е и структурална и декоративна. Тоа значи дека има практична примена и служи за декорација, т.е. разубавување.

Акцентирана е важноста од употребата на текстилот во внатрешните простори, со акцент на дневната соба, каде секој поминува најголем дел од своето време. Резултатите укажуваат на тоа дека употребата на текстилот во ентериерот е индивидуална и стилот зависи од самиот корисник. Сепак, сите корисници имаат заеднички став, дека употребата на тексил во ентериерот треба да биде балансирана сѐ со цел креирање на хармонична, пријатна и позитивна атмосфера.

Завесите и теписите се сметаат како финален детал кој го оформува животниот простор. А текстилот се користи за зголемување на нивото на удобност и додавање на декоративен изглед во ентериерот. Сите тие се одбираат и обликуваат од потребите и изборот на корисникот. Ентериерниот текстил се смета како еден од битните фактори што треба да се промени во животниот простор.

Заклучокот е дека побарувачката на пазарот на материјали е многу разновидна, а исто така и она што го нудат компаниите е на многу завидно ниво и одговара на секое барање на клиентите. Компаниите во својата дејност се занимаваат со изработка на персонализирани елементи за ентериер кои се класифицираат како според цената, така и според квалитетот и повторно излегуваат во пресрет на секој купувач. Можноста да се дизајнира одреден простор во ентериерот останува клучен елемент кој се базира на желбата на купувачотот. Компаниите имаат широк спектар на ткаенини од природно и синтетско потекло, кои се разликуваат во начинот на одржување како и отпорноста на физички и механички влијанија.

Според истражувањето, компаниите за тапацирање на мебелот го користат мебел штофот и еко кожата, додека чистата кожа сѐ поретко се користи. За изработка на декоративни елементи се употребуваат сите материјали. Што се однесува на бојата, таа е во зависност од моменталниот тренд. Дизајнираниот материјал повеќе се користи за декорација на гарнитурите. Сепак, сѐ зависи од желбата и можноста на самиот купувач.

Комплетните резултатите покажуваат дека текстилот станува морален елемент за удобноста на луѓето и задоволство за внатрешните простории, особено за дневните простории. Секој корисник ги персонализира своите простории со користење на текстил, при што прави  просторот да изгледа меко, удобно и пријатно и му дава  иднетитет на внатрешниот простор.

Тргнувајќи од тој факт дека човекот има тенденција да ги достигне највисоките естетски параметри во својот дом, со цел  создавање на чувство на удобност и хармонија, користејќи го текстилот, мислам дека секој треба да посвети соодветно внимание на изборот на текстил. Моја препорака е да се води сметка за позитивните и негативните страни на секој од материјалите, со цел достигнување на совршен спој од желбите и практичноста.

## ПРИЛОГ 1

## Резултати од анкетен прашалник

| Испитаник | Кои простории ги имате во домот? | Колку часови поминувате во вашиот дом? | Кој носи одлуки за декорирањето и уредувањето на домот? | Која е главната функција на дневниот простор? | Каде имате искористено текстил во дневниот простор | Што користите на прозорците? | Што користите на подовите? | Кои додатоци ги користите на мебелот? | Кој елемент во домот има најголем приоритет за текстил? | Можете ли да го замислите вашиот простор без текстил? | Кој дел од текстилот во домот најчесто претрпува промени? | Како влијае внатрешниот простор со употребата на текстил во ентериерот? | Како влијае просторот без употреба на текстил? |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **А. Н. (трочлено семејство)** | Ходник<br>Дневна соба<br>Кујна<br>Спална<br>Бања | 5- 10 | мајка | Удобно место за членовите на семејството<br>Забавно место<br>Место за одморање<br>Место за дружење<br>Останато | мебел, на подот | ролетни (тврд мебел) | тепих | Перници<br>Чаршафи<br>Покривки<br>Додатоци<br>Останато | тапацир | не | перн ици | делува потопло и попријатно | Губи смисла |
| **Е. К. (трочлено смејество)** | Ходник<br>Дневна соба<br>Кујна<br>Спална<br>Бања | 5- 10 | мајка | Удобно место за членовите на семејството<br>Забавно место<br>Место за одморање<br>Место за дружење<br>Останато | мебел, на подот | ролетни (тврд мебел) | ништо | ништо | тапацир | не | тапа цир, чарш афи | дава суштина на просторот | ладно |
| **М. И. (четиричл ено семејство)** | Ходник<br>Дневна соба<br>Кујна<br>Спална<br>Бања | повеќе од 10 часа | мајка | Удобно место за членовите на семејството<br>Забавно место<br>Место за одморање<br>Место за дружење<br>Останато | мебел, на подот | ролетни (тврд мебел) | ништо | ништо | тапацир | не | чарш афи | соодветсу ва со состојбата на човекот | ладно и непотполно |
| **А . Г. (четиричл ено семејство)** | Ходник<br>Дневна соба<br>Кујна<br>Спална<br>Бања | повеќе од 10 часа | татко | Удобно место за членовите на семејството<br>Забавно место<br>Место за одморање<br>Место за дружење<br>Останато | на прозор ите, мебел, на подот | завеси | тепих | Перници<br>Чаршафи<br>Покривки<br>Додатоци<br>Останато | подни покривк и | не | перн ици | влијае на позитивен начин | безживотно |
| **К. К. (петчлено семејство)** | Ходник<br>Дневна соба<br>Кујна<br>Спална<br>Бања | повеќе од 10 часа | мајка | Удобно место за членовите на семејството<br>Забавно место<br>Место за одморање<br>Место за дружење<br>Останато | мебел, на подот | ролетни (тврд мебел) | тепих | Перници<br>Чаршафи<br>Покривки<br>Додатоци<br>Останато | тапацир | не | перн ици | дава топлина | губи смисла |
| **Б. Л. (четиричл ено семејство)** | Ходник<br>Дневна соба<br>Кујна<br>Спална<br>Бања | повеќе од 10 часа | мајка | Удобно место за членовите на семејството<br>Забавно место<br>Место за одморање<br>Место за дружење<br>Останато | на прозор, мебел, на подот | завеси | тепих | Перници<br>Чаршафи<br>Покривки<br>Додатоци<br>Останато | тапацир | не | перн ици | попријатно | нема дух |
| **А. Г. (четиричл ено семејство)** | Ходник<br>Дневна соба<br>Кујна<br>Спална<br>Бања | повеќе од 10 часа | мајка | Удобно место за членовите на семејството<br>Забавно место<br>Место за одморање<br>Место за дружење<br>Останато | мебел, на подот | ролетни (тврд мебел) | тепих | Перници<br>Чаршафи<br>Покривки<br>Додатоци<br>Останато | тапацир | не | перн ици | дава топлина, пријатност и комфор | ладно и не копмлетно |

| Испитаник | Кои простории ги имате во домот? | Колку часови поминувате во вашиот дом? | Кој носи одлуки за декорирањето и уредувањето на домот? | Која е главната функција на дневниот простор? | Каде имате искористено текстил во дневниот простор | Што користите на прозорците? | Што користите на подовите? | Кои додатоци ги користите на мебелот? | Кој елемент во домот има најголем приоритет за текстил? | Можете ли да го замислите вашиот простор без текстил? | Кој дел од текстилот во домот најчесто претрпува промени? | Како влијае внатрешниот простор со употребата на текстил во ентериерот? | Како влијае просторот без употреба на текстил? |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **В. Р. (четиричлено семејство)** | Ходник<br>Дневна соба<br>Кујна<br>Спална<br>Бања | повеќе од 10 часа | мајка | Удобно место за членовите на семејството<br>Забавно место<br>Место за одморање<br>Место за дружење<br>Останато | на прозор, мебел, на подот | завеси | тепих | Перници<br>Чаршафи<br>Покривки<br>Додатоци<br>Останато | тапацир | не | перници,чаршафи | дава комплетна слика на просторот | нема контекст, елементите не можат да дојдат до израз |
| **К. К. (трочлено семејство)** | Ходник<br>Дневна соба<br>Кујна<br>Спална<br>Бања | повеќе од 10 часа | мајка | Удобно место за членовите на семејството<br>Забавно место<br>Место за одморање<br>Место за дружење<br>Останато | на прозор, мебел, на подот | завеси | тепих | Перници<br>Чаршафи<br>Покривки<br>Додатоци<br>Останато | тапацир | не | перници | дава карактер на ентериерот | ладно, безживотно |
| **М. М (четиричлено семејство)** | Ходник<br>Дневна соба<br>Кујна<br>Спална<br>Бања | повеќе од 10 часа | мајка,татко | Удобно место за членовите на семејството<br>Забавно место<br>Место за одморање<br>Место за дружење<br>Останато | на прозор, мебел, на подот | завеси | тепих, черга | Перници<br>Чаршафи<br>Покривки<br>Додатоци<br>Останато | тапацир | не | перници,чаршафи | дава карактер на просторот и често менување доведува до промена на амбиентот | како нешто да недостасува |
| **В. Р (четиричлено семејство)** | Ходник<br>Дневна соба<br>Кујна<br>Спална<br>Бања | повеќе од 10 часа | мајка | Удобно место за членовите на семејството<br>Забавно место<br>Место за одморање<br>Место за дружење<br>Останато | на прозор, мебел, на подот | завеси | тепих | Перници<br>Чаршафи<br>Покривки<br>Додатоци<br>Останато | тапацир | не | перници,завеси, чаршафи | топло и пријатно | како недовршено |
| **В. Р (четиричлено семејство)** | Ходник<br>Дневна соба<br>Кујна<br>Спална<br>Бања | повеќе од 10 часа | мајка, деца | Удобно место за членовите на семејството<br>Забавно место<br>Место за одморање<br>Место за дружење<br>Останато | на прозор, мебел, на подот | завеси | тепих | Перници<br>Чаршафи<br>Покривки<br>Додатоци<br>Останато | тапацир | не | перници,чаршафи | комотно, го изразува карактерот на личноста | како да не е дом, ладно непријтно за живеење |
| **М. С. (четиричлено семејство)** | Ходник<br>Дневна соба<br>Кујна<br>Спална<br>Бања | повеќе од 10 часа | мајка | Удобно место за членовите на семејството<br>Забавно место<br>Место за одморање<br>Место за дружење<br>Останато | на прозор, мебел, на подот | завеси | тепих | Перници<br>Чаршафи<br>Покривки<br>Додатоци<br>Останато | тапацир | не | перници, чаршафи | пријатно,комплетно | како недовршено, како да фали нешто |
| **Љ. Ѓ. (четиричлено семејство)** | Ходник<br>Дневна соба<br>Кујна<br>Спална<br>Бања | повеќе од 10 часа | мајка, деца | Удобно место за членовите на семејството<br>Забавно место<br>Место за одморање<br>Место за дружење<br>Останато | на прозор, мебел, на подот | завеси | тепих | Перници<br>Чаршафи<br>Покривки<br>Додатоци<br>Останато | тапацир | не | перници,чаршафи | со мала промена на некој текстилен материјал може да се освежи просторот | некомплетно, дава претстава како да сме немале доволно средства да го довршиме проектот целосно |

| Испитаник | Кои простории ги имате во домот? | Колку часови поминувате во вашиот дом? | Кој носи одлуки за декорирањето и уредувањето на домот? | Која е главната функција на дневниот простор? | Каде имате искористено текстил во дневниот простор | Што користите на прозорците? | Што користите на подовите? | Кои додатоци ги користите на мебелот? | Кој елемент во домот има најголем приоритет за текстил? | Можете ли да го замислите вашиот простор без текстил? | Кој дел од текстилот во домот најчесто претрпува промени? | Како влијае внатрешниот простор со употребата на текстил во ентериерот? | Како влијае просторот без употреба на текстил? |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Е. С. (двочлено семејство)** | Ходник<br>Дневна соба<br>Кујна<br>Спална<br>Бања | од 5 до 10 | девојка | Удобно место за членовите на семејството<br>Забавно место<br>Место за одморање<br>Место за дружење<br>Останато | на прозор, мебел, на подот | завеси | тепих | Перници<br>Чаршафи<br>Покривки<br>Додатоци<br>Останато | тапацир | не | перници,чаршафи | попријатно | безживотно |
| **С. Л. (четиричлено семејство)** | Ходник<br>Дневна соба<br>Кујна<br>Спална<br>Бања | повеќе од 10 часа | мајка | Удобно место за членовите на семејството<br>Забавно место<br>Место за одморање<br>Место за дружење<br>Останато | на прозор, мебел, на подот | завеси, ролетни | тепих | Перници<br>Чаршафи<br>Покривки<br>Додатоци<br>Останато | тапацир ,завеси | не | перници | дава комплетна слика на поимот дом | елементите се губат во просторот, нема ограничување |
| **Г. С. (трочлено семејство)** | Ходник<br>Дневна соба<br>Кујна<br>Спална<br>Бања | повеќе од 10 часа | мајка | Удобно место за членовите на семејството<br>Забавно место<br>Место за одморање<br>Место за дружење<br>Останато | на прозор, мебел, на подот | завеси | тепих | Перници<br>Чаршафи<br>Покривки<br>Додатоци<br>Останато | тапацир | не | перници | топло, пријатно дава акцент на елементите во просторот | некомплетирано |
| **М. Ш. (четиричлено семејство)** | Ходник<br>Дневна соба<br>Кујна<br>Спална<br>Бања | повеќе од 10 часа | мајка | Удобно место за членовите на семејството<br>Забавно место<br>Место за одморање<br>Место за дружење<br>Останато | на прозор, мебел, на подот | завеси | тепих | Перници<br>Чаршафи<br>Покривки<br>Додатоци<br>Останато | тапацир | не | перници | дава топлина во домот | ладно, не комплетно |
| **Г. Т. Т. (четиричлено семејство)** | Ходник<br>Дневна соба<br>Кујна<br>Спална<br>Бања | повеќе од 10 часа | мајка | Удобно место за членовите на семејството<br>Забавно место<br>Место за одморање<br>Место за дружење<br>Останато | на прозор, мебел, на подот | завеси | тепих | Перници<br>Чаршафи<br>Покривки<br>Додатоци<br>Останато | тапацир | не | перници | попријатно, пружа комплетно уживање | чудно како нешто да фали |
| **М. И. (четиричлено семејство)** | Ходник<br>Дневна соба<br>Кујна<br>Спална<br>Бања | повеќе од 10 часа | мајка | Удобно место за членовите на семејството<br>Забавно место<br>Место за одморање<br>Место за дружење<br>Останато | на прозор, мебел, на подот | завеси, ролетни | тепих | Перници<br>Чаршафи<br>Покривки<br>Додатоци<br>Останато | тапацир | не | перници, чаршафиостанато | дава чувство на топлина | недовршено |

# ПРИЛОГ 2

## Резултати од интервјуа

# Јумис фабрика за производство и продажба на мебел

| | |
|---|---|
| Што произведува фабриката Јумис? | Производството е поделено на 3 погони;<br>Произвоство на плочест мебел (кујни, спални, детски, комоди, витрини, закачалки;<br>Производство на тапациран мебел (гарнитури, лежаи и др.),<br>Производство на столици. |
| Од кога постои фирмата? | Фирмата постои 25 години и тоа првите 15 години како трговско препријатие за продажба на мебел, а последните 10 години се занимава со производство и продажба на сопствен мебел. |
| Колку вработени има? | Фабриката има 115 вработени лица и тоа од сите области:<br>Проектирање, дизајнирање, производство и продажба на мебел. |
| Со какви материјали работат т.е. (користат) при производството? | Работат со дрво (букова граѓа), сировинска иверица, ОСБ плочи (обично се употребува за произвидство на поскапите и луксузните гарнитури), сировински лесонит, филц, сунѓери (ги има во различни дебелини и густини), вата, гуртни (ластици), картони, и дури на крајот доаѓа мебел штоф, еко кожа, или чиста кожа. |
| Спецификација на мебел штофовите: | Во начинот на производството се делат на:<br>а. плетени штофови, ткаени и неткаени (со пресување), штофови премачкани (еко кожи);<br>б. Во составот на ткаенината природни влакна: памук, лен, свила, волна, коноп, јута, итн. Синтетички влакна: полиестер, полипропилен, акрил, вискоза, и др. Мешани материјали од природни и вештачки влакна;<br>в. Можат да бидат позадински зајакнати со: полиестерско платно, мешано платно, неткаен текстил, лепак и сл.;<br>г. Боење - се бојат во влакното и боени во маса на пр., интанин;<br>д. Видови на штофови за мебелната индустрија: -chenille, micro-suede, micro-fieber, velvet, jacquard. |
| Кои текстилни материјали се користат? | Текстилни материјали се: рестек, филц, постава и мебел штоф. |
| Кои видови мебел штоф се користат? | Плиш (од микрофибер влакна, бафал)<br>Плетенини<br>Ткаенини (панама ткаенина, сатен, дизајнирана со шари...)<br>Принтани ткаенини<br>Сомот ткаенина (жанил)<br>Велввет ткаенина<br>Велур и др. |
| Кои материјали се најпотрошувани? | Најпотрошувани се клот материјалите, додека дизајнираните, принтаните, или печатените материјали обично се користат за декорација на мебелот, за декоративни перници или пак само |

| | |
|---|---|
| | за една фотелја од гарнитурата. |
| Кои се најотпорни материјали за тапацирање? | Од материјалите за тапацирање отпорни на флеки, вода, влага и механички дејства е така-наречениот Бафало-мебел штоф, исто така еко кожата е отпорна на вода и влага, а неотпорна на механички дејства. |
| Кои материјали се попрактични за секојдневниот живот, а кои се поубави на изглед (за око)? | Во секојдневниот живот попрактични по сите статистички испитувања се текстилните материјали, а за на лик еко кожа или кожа. |
| Од каде се набавуваат материјалите? | Материјалите се набавуваат од добавувачи увозници во нашата држава и тоа Jofateks I Fokus Upsholtery од Скопје. А тие претежно ги набавуваат од Турција, Сирија и Кина, а ако станува збор за кожата како материјал за тапацирање, најквалитетна е италијанската кожа. |
| Дали има кај нас фабрика за ткаење на материјали за тапацирање? | До пред неколку години фабрика за производство на мебел штоф постоеше во Кратово и Радовиш, а денес не работат. |
| Кои материјали за тапацирање се поевтини? | Тоа зависи од квалитетот на материјалот, но поевтина е еко кожата. |
| Каков материјал за тапацирање се користи за тапацирање на столиците за седење? | Како кај гарнитурите така и кај столиците се користат сите видови на материјали за тапацирање. |
| Кои материјали се полесни за одржување? | Мебел штофот полесно и подобро се одржува за разлика од кожата и еко кожата. Мебел штофот најдобро се одржува со хемиско чистење бидејќи после третирањето на нечистотијата со средство за флеки и дамки со хемиското чистење се вади комплет целосно нечистотијата додека со домашно чистење средството за отстранување на флеки и дамки навлегува длабото во суѓерите и самата флека во со текот на времето самата се шири и пожолтува бидејќи средството не е извадено од мебел штофот. Еко кожата се одржува со бришење со влажна крпа. А чистата кожа е најмакотрпна за оджување и чистење бидејќи на чистата кожа ѝ е потребен посебен третман на нанесување на посебни восоци, креми и др. средства за подмладување и враќање на стариот изглед. Тој третман е многу бавен и многу скап. |
| Кои материјали најчесто се употребуваат кај нас: клот материјалот или дизајнираниот материјал? | Кај нас повеќе се користат клот материјалите, додека дизајнираните материјали се користат за декорација на гарнитурата за седење. |

# МЕБЕЛ ВИ - ВИНИЦА

| | |
|---|---|
| Со што се занимава Мебел Ви? | Мебел Ви се занимава со производство и салонска продажба на сите видови мебел. Тие произведуваат мебел од плочест материјал, дрво, тапациран мебел, душеци за спиење и фарбан мебел. |
| Од кога постои фирмата? | Мебел Ви постои од 1997 година прво како салон за продажба на мебел, а потоа започнува со сопствено производство и достигнува мошне голем успех во земјата и надвор од неа, со голем број на награди и признанија за квалитет. Многу често ги има на саемите дома и во странство. |
| Колку вработени има? | Фирмата брои 180 вработени лица и тоа во сите области на проектирање, дизајнирање, производство, контрола и продажба на мебелот заедно со администрацијата на самата фирма. |
| Со какви материјали работат т.е. (користат) при производството? | Како помошен материјал користат дрво, летви, иверица, оплеменета иверица, медијапан, картон, лепак, ластик, челична жица, позадински материјал и материјал за тапацирање. |
| Кои материјали за тапацирање ги користат? | За тапацирање на мебелот Мебел Ви користи мебел штоф и еко кожа, додека чистата кожа е исфрлена бидејќи е скапа и макотрпна изработката на самиот кожен мебел. Кожата бара многу доработки бидејќи таа не е мазна и рамна како ролна од другите материјали за тапацирање туку мора да се доизмазнува и израмнува за да може да се крои. |
| Кој мебел повеќе е побаруван, еко кожа или мебел штоф? | Од нивна статистичка гледна точка и од двата вида на мебел сразмерно се трошат или пак можеби за благ процент повеќе се троши мебел штофот. <br><br>. |
| Кои материјали се поиздржливи, а кои понежни? | Мебел штофот е поиздржлив на механички и физички оптоварувања, а исто така може и хемиски да се третира, но не треба дамките и флеките сами да ги чистиме, бидејќи навлегуваат длабоко во материјалот и по некое време повторно се појавуваат дури и се шират, па затоа е попрактично хемиско третирано. Еко кожата е поотпорна на вода и прашина, лесно се брише со крпа и вода, но пак затоа многу лесно се гребе и по неко време доаѓа до пукање на самата еко кожа. |
| Кој материјал за тапацирање е поудобен за секојдневна употреба? | За секојдневна употреба поудобен е мебел штофот особено ткаениот од природни влакна како што се: памук, лен, коноп, јута, рамија и др, а исто така и синтетичките влакна му дavaaат пријатен допив за седење и одмарање. Еко кожата е мошне убава на изглед и многу често ја |

| | |
|---|---|
| | среќаваме во домовите, но таа не е најзгодна и најпрактична за секојдневна употреба бидејќи на лето ни е жешко и нѐ поти, а во зима ни е студено и мораме да ја прекриеме со текстилен или волнен материјал. |
| Од каде се увезуваат материјалите за тапацирање? | Најквалитетни материјали за тапацирање се увезуваат од Шпанија, исто така мошне квалитетен е и сирискиот материјал, потоа турскиот, па дури има и квалитетен кинески материјал кој ги задоволува стандардите за издржлиост на нашиот пазар. |
| Кој се снабдувачи или увозници кај нас на мебел штоф? | Мебел Ви обично сами си ги увезуваат материјалите со кои работат од Турција. Но кај нас познати се Fokus, и Jofateks од Скопје. |
| Дали кај нас има фабрика за производство на мебел штоф? | До пред некое време и кај нас имало две мошне успешни фабрики за ткаење на мебел штоф, Карпош во Крива Паланка и Декор-текс во Радовиш, но за жал и двете денес не работат. |
| Кои материјали се поевтини на пазарот? | Во зависност од кавалитетот, така се движи и цената на материјалите. Има квалитетни ткаени мебел штофови и многу скапи, а има пресувани и не толку квалитетни евтини мебел штофови. Истото се однесува и за еко кожата: има многу добра и квалитетна еко кожа која може дури да ѝ парира на чистата кожа која е многу скапа, а оваа еко кожа е поевтина, но ги задоволува вкусовите на клиентите. Постои и евтина и неквалитетна еко кожа која за кратко време испукува и се лупи. |
| Кои видови материјали за тапацирање се користат за тапацир на столиците? | Како гарнитурите така и столиците се тапацираат со ист материјал за тапацирање во зависност од желбата на купувачите или од трендот во моментот. Столиците може да се направат дури и со послаб квалитет бидејќи времето поминато на седење на столиците е пократко од времето поминато на седење на гарнитурите, троседите или софите. |
| Кои материјали за тапацирање се полесни и поедноствани за одржување? | Според нивните истражувања полесни за одржување се еко кожата, па мебел штофот и на крајот чистата кожа која бара посебен третман на премачкување со восоци и креми за ревитализирање на самата кожа да не дојде до исушување, ширење, набирање на еден дел, и истегнување на местата каде што најмногу се амортизира. |
| Кои материјали се повеќе побарувани? | Поупотребуван и побаран е клот материјалот, во зависност од трендот во моментот која боја и од кој состав е направен мебел штофот, додека дизајнираниот мебел штоф повеќе оди за декорација на самиот мебел, како на пр. перници, страници, лајсни или пак само една фотелја. |
| Со какви шари се дизајнирани мебел | Мебел штофовите најчесто ги среќаваме |

| | |
|---|---|
| штофовите? | дизајнирани во цветови, гранки и лисја, момина солза, листови од винова лоза, бобици, ромбоиди, пруги и карирани, а исто така ги има и во различни видови на геометриски фигури. |

## МЕБЕЛ ТРЕЈД - ДОО - ВИНИЦА

| **Што произведува фабриката?** | Мебел Трејд произведува: буков фурнир, летви, масивни плочи, секаков вид на тапациран мебел и душеци за спиење. |
|---|---|
| Во колку етапи или погони е поделено производството? | Производството е поделено во повеќе етапи и тоа пилана, фурнир, стелир, шлаферај, тапацир и завршно одделение. |
| Кои помошни материјали се користат? | Како помошни материјали се користат: дрво, челична жица за самите јадра на душеците, нарезна иверка, мебел штоф, сунѓери, ластици, лепаци, картон и позадинско платно. |
| Од кога е формирана фирмата? | Оваа фирма е формирана уште во 1972 година и била многу позната под името Треска на Југословенскиот пазар. А за време на приватизацијата е приватизирана и под ново име „Мебел Трејд“. Таа брои 150 работници и мошне успешно се снаоѓа со квалитет на нашиот и странски пазар. |
| Со кои материјали за тапацирање работи? | Тие работат повеќето со мебел штофот и еко кожата, а ретко или пак само по порачки на клиенти со чиста кожа, бидејќи кожата е поскапа и потешка за изработка и одржување. |
| Со кој мебел штофови работат? | Од мебел штофот денес поактуелен е полиестерот бидејќи е поевтин за купување, го има во различни везенини и бои, не е статичи, па не ги привлекува правот влакната и др. нечистотии и полесно се одржува од останатите материјали. |
| Во нивното производство кои материјали за тапацирање се користат? | Кај нив повеќе се гледа на квалитетот и затоа тие користат ткаен мебел штоф кој што е поиздржлив, поубав и поквалитетен и во неговиот суровински состав претежно има природни влакна како што се памук, лен, коноп, а за декоративните штофови се употребува дури и чиста свила. |
| Кои материјали се поиздржливи? | Не можеме да дадеме стрикно ограничување кој материјал е поиздржлив на вода, влага, флеки, прашина, физички и механички дејствија, бидејќи мебел штофот е поиздржлив на физички и механички дејствија, можеме исто така и хемиски да го третираме додека тој е осетлив на флеки, вода прашина. Еко кожата е отпорна на вода, влага, водата проклизнува и лесно се брише само со крпа или влажна крпа, додека е многу осетлива на физички и механички дејствија. |

| | |
|---|---|
| Кои материјали се попрактични во секојдневниот живот? | Во секојдневниот живот попрактични се мебел штофовите бидејќи се попријатни при допир и за седење додека еко кожата на лето е многу топла и нè поти, а во зима е ладна и непријатна за седење. |
| Од каде ги набавувате материјалите за тапацирање? | Материјалите обично се од Турција и Кина, а кај нас се замаат од најголемите дистрибутери во државата Jofa Teks или Fokus. |
| Дали кај нас има фабрика за производство на мебел штоф? | Кај нас имаше две фабрики за производство на мебел штоф, Карпош - Крива Палака и Декор Дом - Радовиш. |
| Кој е најскап, кој е најевтин материјал за тапацирање? | Најскап материјал за тапацирање е чистата кожа, а исто така можат да се најдат и ткаени од природни влакна мебел штофови, исто така и поквалитетна еко кожа, а има и поевтини пресувани мебел штофови кои не се многу издржливи. |
| Кои видови материјали за тапацирање се користат за тапацир на столиците? | Како за гарнитурите за седење, така и за столиците се користи ист вид на материјали за тапацирање во зависност од желбата и потребата на купувачот. |
| Кои материјали за тапацирање се полесни и поедноставни за одржување? | Нема точно разграничена граница кои полесно се оддржуваат, а кои потешко, бидејќи мебел штофот може да се третира и со хемиско чистење, а еко кожата не, додека еко кожата можеме да ја пребришеме со влажна крпа, додека пак мебел штофот нема да има некој ефект. Мебел штофот е поиздржлив и на механички и физички дејствија, а еко кожата е понежна и осетлива на тие дејствија. |
| Кои материјали се повеќе побарувани? | Повеќе се бараат т.е. купуваат клот материјалите и тоа зависи од трендот во моментот која боја е во мода, а додека дизајнираниот мебел штоф повеќе се користи за декорација на самиот мебел. |
| Со што најчесто се дизајнирани материјалите за тапацир? | Материјалот за тапацир обично се дизајнира во ситни прскани кругови, рамбоиди, триаголници. Исто така може да се сретнат и многу други дизајни на крупни цветови, со гранки и листови или пак момини солзи и ситни разновидни цветчиња. Може да се сретнат некаде и материјали дизајнирани во каро или пруга, но многу од произведувачите ги избегнуваат бидејќи треба да бидат кроени по права линија, а некогаш тоа е многу тешко изводливо, бидејќи мебелот се разликува по облината на корпусот на гарнитурата, ако не е под прав агол тогаш материјалот губи симетрија и нема убав изглед. |

## Фокус

| | |
|---|---|
| **Што произведува фабриката?** | Фокус е трговска фирма, која се бави со трговија, увоз и извоз во областа на декоративни ткаенини, мебел штоф и еко кожи. |
| Од кога е формирана фирмата? | Основана е 1991 година. |
| Колку вработени има? | Фирмата брои 13 вработени. |
| Со какви материјали работат т.е. (користат) при производството? | Материјалите се по состав памук, полиестер, акрил, лен и соодветни мешавини од истите. |
| Спецификација на мебел штофовите: | Тежината на штофовите се мери на метар должен, а ширината изнесува од 140-160 sm. Материјалите се продаваат во ролни чија должина може да биде од 30-70 m или на сечење по бараната метража. |
| Кои текстилни материјали се користат? | Материјалите се по состав памук, полиестер, акрил, лен и соодветни мешавини од истите. |
| Кои видови на мебел штоф се користат? | Видови мебел штоф:<br><br>1. Во начинот на производство:<br><br>* Плетени, ткаени, неткаени (со пресување) или премачкани (вештачки кожи);<br><br>2. Во состав:<br><br>* Природни: памук, свила, лен, волна итн.<br><br>* Синтетички: полиестер, полипропилен, акрил, вискоза итн.<br><br>* Мешани;<br><br>3. Може да бидат позадински зајакнати со:<br>* полиестерско платно, мешано платно, неткаен текстил, лепак;<br><br>4. Боење:<br><br>* Боени во влакно, боени во маса, принтани;<br><br>5. Видови на штофови за мебелна индустрија:<br><br>* Chenille, micro-suede, microfiber, velvet, jacquard. |
| Кои материјали се најпотрошувани? | Потрошувашката е условена од моменталните трендови во поглед на одреден квалитет, дезен и боја, но, секако цената е клучен фактор на нашиот пазар. |
| Кои се најотпорни материјали за тапацирање? | Рангирањето во поглед на отпорност на материјалот се одвива по повеќе критериуми: отпорност на дамки, прашина, светлина, триење... Сето тоа се постигнува со одреден третман на материјалите. На пример, |

| | |
|---|---|
| | материјалите за надворешна употреба, бараат висок стандард за отпорност на светлина. |
| Кои материјали се попрактични за секојдневниот живот, а кои се поубави на изглед (за око)? | При избор на програмата на материјали тежнееме кон оптимално решение меѓу изгледот, квалитетот и практичноста во поглед на одржување. |
| Од каде се набавуваат материјалите? | Потеклото на материјалите е од Шпанија, Турција и Кина. |
| Дали има кај нас фабрика за ткаење на материјали за тапацирање? | Не. Иако во минатото во Македонија постоеле фабрики за производство на декоративни ткаенини, со светската глобализација оваа индустрија е лоцирана на неколку места во светот (Кина, Турција). |
| Кои материјали за тапацирање се поевтини | Цената на материјалот зависи од многу фактори. Не би можеле да издвоиме еден материјал, пр., ако полиестерот го имаме како најевтин во одредена понуда, во друга може да фигурира и како најскап, во зависност од степенот и видот на обработка. |
| Каков материјал за тапацирање се користи за тапацирање на столиците за седење/фотелјите/табуретките? | Сите материјали кои се застапени во нашата програма се соодветни за тапацирање и изработка на мебел. |
| Кои материјали се полесни за одржување? | Најлесни за одржување се материјалите од easy clean линијата, кои се обработени со тефлон, нано-технологија итн. Од оние кои не се обработени, најлесни за одржување се материјалите изработени со микро влакна. |
| Кои материјали најчесто се употребуваат кај нас: клот материјалот или дизајнираниот материјал? | Македонските фабрики за производтво на мебел повеќе ги трошат еднобојните материјали. |

**Литература:**


1. Проф. Н. Мидич, Технологија текстила, Уметничка школа Ниш, Ниш 2014;
2. Seymour, R. (2002), What is Design, Design Council's: Design in Business Week. Retrieved 13 November, 2010;
3. Mare, E. C. (24/06/09), So what is Design? Retrieved November 18, 2009, from http://www.designcouncil.com/
4. Miller, R. W. (2009), Retrieved October 3, 2011, from http://www.static.userland.com/rack4/gems/wrmdesign/Definitionof Design1.doc.
5. Design and Art (2009), Wikipedia, the free encyclopaedia. Retrieved December 15, 2010, from http://en.wikipedia.org/wiki/
6. Dziers, M. (March 20, 2006), Textile Design. Retrieved March 3, 2011, from http://www.india-crafts.com/textiledesign.html
7. What is Textile Design (2010), Retrieved October 10, 2010, from http://www.graphicdesignbasics.com/
8. Textile Design (2010), Retrieved October 8, 2010, from http://www.indiacrafts.com/textile/textile-design.html
9. Singer Upholstery Basics Plus: Complete Step-by-Step Photo Guide Spiral-bound – September 1, 2007, Steve Cone (Author)ofessional Upholstering: All the Trade Secrets Perfect Paperback – January 31, 2011 by Frank Destro Jr (Author);
10. Complete Step-by-Step Upholstery Paperback – Apr 6 2010 - by David Sowle (Author), Ruth Dye (Author);
11. Furniture Upholstery (Sunset Books) Paperback – September 1, 1980 - by Sunset Publishing Staff (Author);
12. Matthew Haly's Book of Upholstery: Projects, Tips, Tricks, and Techniques Hardcover – November 25, 2008 - by Matthew Haly (Author), Kathleen Hackett (Author);
13. The Beginner's Guide to Upholstery: 10 achievable DIY upholstery and reupholstery projects for your home - by Vicky Grubb;
14. Complete Step-by-step Upholstery Paperback – Illustrated, 30 Apr 2015 - by David Sowle (Author), Ruth Dye (Author);
15. The Upholsterer's Handbook Paperback – 4 Jun 2012 - by Nicole Fulton (Author), Stuart Weston (Author);
16. http://www.jofateks.com/mebel-stof-eko-koza-printovi/

17. Mojsov Kiro, nega na Tekstil, 2013, Univ. Goce Delcev Stip, Tehnolosko-tehnicki fakultet Probistip;
18. Contemporary Upholstery: Techniques and Inspiration for Upstyling your Furniture Hardcover – 25 Apr 2013 - by Hannah Stanton (Author);
19. Cushions & Covers: An Easy-to-make Project Book Hardcover – Illustrated, 30 Sep 2012---by Emma Clegg (Author);
20. The Upholsterer's Step-by-Step Handbook: A Practical ReferenceHardcover – 5 Mar 2015---by Alex Law (Author);
21. Modern DIY Upholstery: Step-By-Step Upholstery and Reupholstery Projects for Beginners and Beyond Paperback – 31 Jul 2015 - by Vicky Grubb (Author);
22. https://en.wikipedia.org/wiki/Upholstery
23. http://textilelearner.blogspot.com/2011/07/mechanical-properties-of-textile-fibers.html
24. Д-р Димко Димески, Механички својства на текстилни материјали и проектирање на облека - Скрипта, ТТФ, 2012;
25. B. P. Saville, Physical Testing of Textiles, CRC Press, 1999;
26. https://www.jutarnji.hr/domidizajn/savjeti/sve-sto-trebate-znati-o-odabiru-tkanine-za-tapeciranje/7410456/
27. https://www.architecturaldigest.com/story/how-to-choose-upholstery-fabric
28. https://freshome.com/2009/01/26/understanding-fabrics-in-your-interior-decorating/
29. http://www.jessicadaurayinteriors.com/blog/2014/11/24/why-fabrics-matter-in-interior-design
30. https://textilelearner.blogspot.com/2012/02/different-types-of-fabric-by-usage.html?m=1&fbclid=IwAR1l8PNWDImpoEhKx9b6VUpt3tRAcCN9Z8YqzE1jG-e5Q0X7XMeb3s6gg3k
31. https://www.textileschool.com/171/textile-fabric-types-comprehensive-list-of-textile-fabrics/?fbclid=IwAR3DMOBVFGDptJVYWJDb_ibNTciABqgKaZehuzNBPKzyP_C5HkpRzVGyCK8
32. http://marh.mk/%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%B4%D0%B8%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BE%D1%80%D0%B8%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B8-%D0%BA%D0%B8%D0%BB%D0%B8%D0%BC%D0%B8-%D0%B2/amp/?fbclid=IwAR39YmS1raZ70QpznByHnUxMGcgypa5Gs-BHsP9n-CeyvWyXphN2rLdWz2g
33. https://www.novamakedonija.com.mk/prilozi/domuvanje/%D1%80%D0%B0%D0%B7%D1%83%D0%B1%D0%B0%D0%B2%D0%B5%D1%82%D0%B5-%D1%98%D0%B0-%D0%B4%D0%BD%D0%B5%D0%B2%D0%BD%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D1%81%D0%BE%D0%B1%D0%B0-%D1%81%D0%BE-%D0%BD%D0%BE%D0%B2-

%D0%BA%D0%B8%D0%BB/?fbclid=IwAR0Qqj6i4HP7gJfZLf41XKi61aTyDs0Z1TmYyVp3vI393RpDAVphesWjoxc

34. https://365.com.mk/112712/kreativni-kilimi-za-topol-dom
35. http://www.hometextile.rs/tkanine-za-presvlacenje-namestaja/mebl-stofovi/?fbclid=IwAR29K8f8BaG7kuEg3HZg6CDVEZ7HU9QUJmcS1H9etDKWpou0tNFGZOhGMs0
36. http://www.umetnickaskolanis.com/wp-content/uploads/2017/09/tkanje.pdf
37. http://www.umetnickaskolanis.com/wp-content/uploads/2017/09/tkanje.pdf
38. http://starizanati.gov.rs/zanati/tkanje/?print=pdf
39. https://www.scribd.com/document/349881982/%C5%A1tampanje-poliestarskih-tkanina
40. http://www.crpm.org.mk/wp-content/uploads/2012/03/OCCASIONAL-PAPER-8Mak.pdf
41. https://sewguide.com/printing-on-fabric/
42. steelyana w, Evi. (2012), Batik, A Beautiful Cultural Heritage that Preserve Culture and Supporteconomic Development in Indonesia. Binus Business Review. 3. 116. 10.21512/bbr.v3i1.1288.
43. http://politikin-zabavnik.co.rs/pz/tekstovi/indigoplava-za
44. https://www.academia.edu/16474767/Batik_and_Its_Implementation_in_Art_and_Design
45. https://www.scribd.com/document/326414345/24-tie-dye-techniques-free-tie-dye-patterns-pdf
46. https://www.gov.mb.ca/agriculture/rural-communities/4h/pubs/tie_dye.pdf
47. https://core.ac.uk/download/pdf/82162196.pdf
48. http://tehnika.lzmk.hr/tehnickaenciklopedija/bojadisarstvo_i_tisak_tekstila.pdf
49. https://prekucavanje.files.wordpress.com/2012/10/maturski-rad.pdf
50. https://tozadragovic.files.wordpress.com/2013/01/gt6.pdf
51. http://www.umetnickaskolanis.com/wp-content/uploads/2017/10/tehnologija-tekstila.pdf
52. http://www.doiserbia.nb.rs/img/doi/0367-598X/2006/0367-598X0606120S.pdf
53. http://www.e-ucebnici.mon.gov.mk/pdf/32_Tehnologija%20na%20tkaenje%20za%20III_MAK_PRINT_WEB.pdf
54. https://textileapex.blogspot.com/2015/11/different-types-of-home-textiles.html?m=1
55. https://www.sciencedirect.com/topics/engineering/interior-textile
56. https://www.sciencedirect.com/topics/engineering/interior-textile